# ТАВОР

Списание на Кумановско-осоговската епархија
**Година III • Број 8**
**2015**



Царството Твое Христе Боже е Царство на сите векови;
И владичеството Твое во секој род и род.
Се воплоти од Светиот Дух и Приснодева Марија вочовечувајќи се.
Светлина ни заблеска, Христе Боже, Твоето Пришествие,
Светлино од Светлината, Отчево сијание, сета твар ја просветли.
Сѐ што дише Те фали, Образ на славата на Отецот Си и отсекогаш Си,
Кој засветли од Дева, Боже, помилуј нѐ.
*Од Великата вечерна на Рождеството Христово*

Тавор • Тромесечник на Кумановско-осоговската епархија на Македонската Православна Црква - Охридска Архиепископија
Главен уредник: Митрополит Кумановско-осоговски г. д-р Јосиф
Редакција: Милан Јаковчевски, м-р отец Филип Станковски
Печати: „Нипонграфик“, Охрид

# ТАВОР

**ноември 2015 • година III • број 8**


## Литургиски круг


1 Свети Николај Чудотворец
*Протопрезвитер Андреј Ткачев*

4 Ова чудо ја подели историјата на два дела
*Архимандрит Јакинт Унчулеак*

9 Домостројот на Богојавлението
*Серафим, Митрополит костурски*


## Брак и монаштво


12 Брак или монаштво?
*Јеротеј Влахос, Митрополит навпактски*

15 Бракот според учењето на Православната Црква
*Иларион Алфеев, Митрополит волоколамски*

18 Потешкотиите на семејниот живот
*Протопрезвитер Петар Перекрестов*

23 Мојот монашки живот
*Антониј, Митрополит Сурошки*

31 Кога старецот ми рече дека ќе бидам монах, јас си реков: „Каков кошмар!“
*Интервју со старец Ефрем Ватопедски*


## Рождественски теми


35 Божикен пост: Да ги вратиме нашите стремежи кон Бога
*Интервју со Митрополит саратовски и вољски г. Лонгин*

40 Божикна приказна од еден уралски манастир
*Олга Рожњева*

СОЗЕРЦАНИЕ

# СВЕТИ НИКОЛАЈ ЧУДОТВОРЕЦ

Протопрезвитер Андреј Ткачев



Светоста не може да се сокрие. Таа е како свеќа поставена на свеќник и како град кој стои на врв планина. Во првиот случај, таа го осветлува просторот околу себе. Во вториот - оддалеку се гледа, без оглед на тоа од која страна човек ѝ се приближува.

Светоста го надминува растојанието меѓу луѓето и епохите. Различната јазична средина и различната културна позадина не им сметаат на луѓето дури и неколку векови подоцна непогрешливо да ја препознаат светоста и да ѝ се поклонат.

**Таков е и Николај Чудотворец.**

Кога меѓу светителите би можело да има завист или натпревар во почитувањето од страна на луѓето, многумина намрштено би го гледале Николај. А како и да не прават така! Со толку широко почитување на сите континенти не може секој да се пофали. Но секако, меѓу светителите нема завист. Меѓу нив владее молитва и искрена љубов. А ние, патници и придојдени, кои го минуваме својот овоземен пат, имаме сериозна тема за размислување.

Причина за масовното и вековно почитување на Николај Чудотворец лежи во неговото внатрешно богатство. Притоа, тој толку вешто ја сокрил тајната на својот внатрешен живот од надворешните очи, што нам не ни се познати речиси никакви факти од неговата биогра-

фија. Славата го стигнала Николај откако ја напуштил земјата и влегол во небесниот свет, односно тогаш кога минала опасноста од гордоста и суетата (овие неизбежни сопатници на славата и пофалбата).

Споменот на свети Николај го одбележуваме најмалку двапати годишно, а често служиме и секоја седмица, в четврток, и му ги упатуваме своите молитви. Во предновогодишниот период во ова чествување има големи примеси на циркузијанство што ги лути луѓето кои навистина го љубат светителот. Треба да се разгледа прашањето за облиците и начините на почитување на св. Николај преку кои навистина би бил прославуван овој угодник Божји, а нам би ни донеле реална корист. „Угледајте се на мене, како јас на Христа", рекол апостол Павле во едно од неговите посланија. Тоа не е поединечен повик, упатен кон еден конкретен аудиториум. Тоа е духовен закон. Според овој закон, човекот стекнува корисни навики, учи и расте угледувајќи се на оние кои се подобри од него; кои отишле подалеку од него и го викаат кон нив. Важно е да се истакне дека Павле не вели „угледајте се на Христа", туку „угледајте се на мене, како што јас се угледувам на Христа".

Тоа значи дека возвишеното гледање на Господа не им поаѓа од рака на сите и веднаш, туку прво треба да учиме од оние кои на Бога Му се блиски.

Сега повторно да го упатиме погледот на умот кон Николај Чудотворец. Во што можеме да се угледаме на него и како, преку тоа угледување, да покажеме максимална почит кон светителот? На пример, преку тајното чинење на добри дела. Ова не е баш најпријатно дело за човекот што го разјадуваат тајни болести, кој сака пофалба и копнее за слава. Но, токму тоа е она по кое се прославил св. Николај, кој *анонимно* им помагал на луѓето што ги снашло неволја.

Не е тајна дека светителите ни го оживуваат Евангелието на Господ Исус Христос, воплотувајќи го во нивното однесување. Значи, словото Божјо ни говори за „Отецот, Кој го гледа тајното и наградува јавно", и нѐ повикува молитвата, милостината и постот да не ги извршуваме за да нѐ видат луѓето, туку поради Господа. Меѓутоа, вообичаено честото читање на овие зборови нималку не нѐ доведува до нивно исполнување на дело, и ние продолжуваме да правиме добри дела, тајно посакувајќи признанија и пофалби. Потребни ни се примери. Потребни ни се живи луѓе кои словото и мислата ги претвориле во дело и кои постојано се раководеле од заповедите, а не одвремենавреме.

Таков е св. Николај. Тој, со срцето добро знаел што рекол еден од египетските отци, имено: **најпостојано и најисправно е она добро што се прави тајно**. Николај сакал да замине од светот, за да Му служи на Бога во осаменост, преку пост и молитва, за ништо да не му го одвлекува вниманието. Но Бог, Кој го познава човекот подобро одошто тој сам себе се познава, на Николај му покажал друг пат. Овој пат се состоел во грижа за паствата и живот меѓу мноштво луѓе кои се расколебани од страсти. Така, подвижникот бил лишен од надворешна осаменост и бил приморан да ја бара внатрешната. И повторно, во ова можеме да се угледаме на него.

Веќе кажавме нешто за тоа дека човек ретко ја сфаќа убавината и вредноста на тајното добротворење. Своето (ионака мало) добро дело, тој е склон крајно да го упропасти и да се лиши од идната награда поради себерекламирање и „трубење пред себе", што Христос го осудил кај лицемерите. Ликот на Николај во оваа смисла не само што врз нас излева топла светлост, туку и нѐ учи да го менуваме својот живот во склад со евангелската вест.

Втората лекција што овој светител ни ја упатува се состои во потребата да го чуваме и воспитуваме својот внатрешен човек. На монашки живот се склони многу малку луѓе. Но, за повремено бегство од испразнетоста, за молк и молитва, време треба да пронајде секој оној кој не гледа само на надворешноста и кој не живи само во надворешниот, туку го чува и негува и својот внатрешен свет.

Кога човек стои пред Господа, еден на еден, тоа е извор за сила за него. И оној кој извршил многу евангелски, големи и корисни дела, треба само со едната страна да биде завртен кон светот и луѓето. Другата половина на неговиот живот треба да биде во Бога сокрие-

на, во заедницата со Него.

Честитки, подароци, црвени кловновски носеви, торби на грбот, детска смеа, брада од вата... секако, пред Божик сме. Но, и во овој весел џагор со очекување на изненадувања би било убаво да се внесе евангелски квас. Проблемот е што децата за време на овој (и не само на овој) празник се насочени кон добивање наразлични нешта: внимание, нежност и подароци. И самите тие, кога ќе наполнат одреден број години, можат да бидат не само потрошувачи на добра, туку и творци на секакво добро.

„Дали го љубиш св. Николај Чудотворец? А дали знаеш што е тајната на неговата популарност и љубовта што многумина ја имаат кон него? Тајната е во тоа што тој ги помнел и ги исполнувал зборовите од Библијата: 'Поблажено е да се дава, одошто да се зема'. Твојата почит кон св. Николај ќе ја покажеш ако во тоа се угледаш на него. Помогни им на родителите низ дома. Помогни му на другарчето кое заостанува со учењето, помогни му за предметот што го знаеш и разбираш подобро од него. Денес, но и секој друг ден, на големиот одмор сподели го сендвичот со твоето другарче. Размислувај и за другите, а не само за себе. Зашто, да се даде не значи само да се подаде некој денар од рака на рака. Може да се дарува и време, и сила, и знаење, и грижа, и молитва. Со тоа треба да се занимаваат сите, па и децата".

Овој начин на оддавање почит кон светителот е многу потребен, а за жал, денес ова не е главен и општоприфатен начин за искажување на љубовта кон св. Николај.

И уште еден многу важен момент: свети Николај сега жител на Небесното Царство. Разговорот за него е одличен начин да се започне разговор за бесмртноста на душата, за духовниот свет, на победата на доброто кое е сторено во името Божјо. Ако е со деца е тешко или неможно да се зборува за маченичките, поради страшните маки што тие ги претрпиле, тогаш за светител како св. Николај може секогаш да се зборува. Само, да внимаваме ликот на светителот да не го „завиткаме во целофан" премногу, да не биде „пресладок". Да не се сведе сѐ на еден дедо со торба, на детски писма со молби за подароци во кои се гледа дека апетитот на младата генерација е прераспламтен.

На денешните деца веќе не им е до чоколатца. Децата сѐ повеќе молат за плеј-стејшни и нови модели на мобилни телефони. А родителите, овие „дарители" и „виновници", овие егоисти и прикриени атеисти, погодно се смеат над писмата и молбите на нивните деца.

Добро би било ако светителот не го забележи сето она мало и ништожно во нашите празници што му ги посветуваме. Но, ако го забележи и се разгневи? Зашто, преданието ни говори за шлаканицата што еретикот Ариј ја добил од раката на св. Николај. А ова значи дека светителот не ни е даден за бесконечно да ни дели подароци или да се грижи само за оние што по вода пловат. Тој ревнува за Вистината. Треба да го почитуваме така што би ја избегнале неговата шлаканица на нашиот образ.

Воопшто, треба да се размислува за почитувањето на светителите, за да не ги почитуваме единствено на служба и со богата трпеза. Зашто, може да се најдат и други законити и благочестиви начини за изразување на љубовта кон светителите.

На празниците на секој од евангелистите, на пример, можеме во храмот да организираме читање на соодветното Евангелие. А и секој светител чии книги влегле во Библијата може да ги почитуваме на овој начин. На празникот на св. Јован Милостив или Филарет Милостив, самиот Бог ни заповеда да се угледуваме на делата на љубовта што овие светители ги правеле. На празникот, пак, на св. Симеон Столпник секако дека нема да се искачиме на маса, но може да се обидеме да го исклучиме мобилниот, телевизорот или компјутерот на неколку часа, и за тоа време да поседиме во тишина.

Потребна ни е креативност и свеж поглед. Оти, и самите светители не се законици и формалисти, туку во наголем степен интересни и длабоки луѓе.

Значи, зима е, ни доаѓа Божик, се чувствува тајната во ладниот воздух, и повторно се подготвуваме да ја славиме славата на свети Николај. Како ќе ја прославиме?



# ОВА ЧУДО ЈА ПОДЕЛИ ИСТОРИЈАТА НА ДВА ДЕЛА

Архимандрит Јакинт Унчулеак

Драги верници,

Денес Христос се роди!

И чудото на Неговото воплотување што ги надмина законите на природата ја восхити сета земја, го обнови сиот свет, ја подели историјата на два дела; и минувајќи цели дваесет века, ни е познато и нам, денес. Денес Спасителот е роден! И оваа вест донесена од ангелите на небесата, најпрво примена од пастирите, блесна како молња до сите краеви на земјата.

Оваа вест, која Ирод го исплаши *и целиот Ерусалим со него* (Мт. 2,3), како духовна труба одѕвонува од век во век, од место до место, од брег до брег; и денес таа доспеа до нашите срца. Слушајќи ја веста, бедните се радуваат, грешните се веселат, слепите прогледуваат, болните се утешуваат, фатените се креваат. Узнавајќи ја веста, говорниците се стаписаа, зашто учените замолчија, девиците запеаја, а младенчињата заиграа.

**Денес Христос се роди!** И заповедта одозгора што ангелите радосно ја пееја, пастирите ја објавија, Дева и Јосиф ја слушнаа, а народите ја повторуваа, се пренесе низ времето како песна на примирјето склопено меѓу човекот и Бога; и ние, исто така, денес ја пееме.

**Денес Господ дојде во светот!** И ѕвездата што од исток засвети и за чудото проговори и мудреците ги повика на пат, се пренесе по поколенија, градови и кралства чиј број не се знае, по безбројни народи; и денес ја гледаме како свети под куполите на Црквата Христова. И така, чудото на Христовото Рождество, добрата вест, ангелската песна и светлината на ѕвездата нè собраа заедно во црква денес, браќа, за да се радуваме во Господа и духовно да празнуваме.

Денес Ирод се избезумува, но народите се радуваат. Ерусалим се мачи, а краевите на вселената од радост потскокнуваат. Израелските книжници се сомневаат, а земните племиња веруваат. Синовите од Христа се откажуваат, а робовите Го примаат. Хулителите Го проколнуваат, а верните Го обожуваат.

Попусто Ирод се избезумува, и цел Ерусалим со него – зашто денес Спасителот се роди. Попусто избраните Го презираат – зашто незнабожците Го примаат. Попусто мечот крвав се труди да Го убие – зашто туѓинци Го засолнуваат.

Евреите Му дадоа бедна пештера како на туѓинец, а незнабожците Му посветија безброј цркви, богато украсени, како [што доликува] за Господарот на сè. Евреите Го положија во јасли со сено, а незнабожците Го примија во срцата нивни. Евреите крајно Го презреа, а незнабожците Му донесоа злато како на Цар, темјан и смирна како на Бог и Човек.

Попусто Ирод се избезумува, и синовите Израилеви умот го губат, и децата на Рахил невино со меч ги колат – зашто денес Христос се роди, и сите народи Го слават. Христос се симнува од небесата, и народите Го поздравуваат; Христос се појавува на земјата, и сè што дише Него Го фали.

**Денес се исполни времето.**

НИЕ, БРАЌА И СЕСТРИ, КАКО ОНИЕ ШТО ЗЕМААТ УДЕЛ ВО ИСТИОТ ЛЕБ НА ЉУБОВТА И ПИЈАТ ОД ИСТАТА ЧАША НА ВЕРАТА, НЕМА ДА КЛОНИМЕ СО ДУХОТ, ТУКУ, ОСТАВАЈЌИ ГИ СИТЕ НАДВОРЕШНИ НЕШТА, ЌЕ СЕ СОБЕРЕМЕ МЕЃУ ДУХОВНИТЕ ЗБОРОВИ ОКОЛУ ЈАСЛИТЕ ИСУСОВИ; И РАДУВАЈЌИ СЕ ДЕНЕС, СО АНГЕЛИТЕ ЌЕ ЈА ПЕЕМЕ АНГЕЛСКАТА ПЕСНА: СЛАВА НА БОГА ВО ВИСОЧИНИТЕ, НА ЗЕМЈАТА МИР, МЕЃУ ЛУЃЕТО ДОБРА ВОЛЈА...

Денес радоста ангелска и човечка се обединува, небесата и земјата се помирија, Бог се снижи и просто им се појави на луѓето. Денес Стариот и Новиот Завет во Витлеем се сретнаа. Денес пророците ликуваат гледајќи го исполнувањето на нивните пророштва. Денес Адам и Ева со радост Му се поклонуваат на Новиот Адам.

Да појдеме, браќа и сестри, до витлеемската пештера, водени од ѕвездата на верата, за да го видиме чудото што се случува таму. Ќе најдеме една мала пештера, и во неа ќе видиме една нетлена Дева, а крај неа, стариот и побожен лик на праведниот Јосиф; ќе видиме и јасли со сено, а во нив – гледај, чудо! – Божествен Младенец, завиткан во повои. Ќе ги чуеме ангелите како пеат, ќе ги видиме пастирите како слават, и мудреците како се поклонуваат додека ги отвараат нивните подароци...

Дојдете сите народи од земјата, да Го сретнеме црковниот Младоженец како во наша облека се облекува за да нè обожи. Дојдете денес; да Го сретнеме долгоочекуваниот Месија. Дојдете, девици, да видите како Дева раѓа нетлено. Дојдете, мајки, да видите како Дева в раце Го држи Оној Кој *земјата над води ја основа*. Дојдете и видете како рацете мајчинки Го лулаат Оној Кој *се допре ли до горите, тие димат* (Пс. 103,32). Дојдете и видете: повиен во повој, Оној Кој небесата во облаци, а земјата во трева ја облекува. Дојдете и видете како млеко пие Оној, Кој на луѓето леб им дава, а земјата со ран и доцен дожд ја наводнува.

О, чудо! Христос се роди, а Ирод се избезумува; Исус е Човек

поради љубов кон човештвото, а синовите човечки со мечови се препашуваат. Небесниот Цар слуга станува, а земните цареви да Го убијат итаат.

Синот Божји доаѓа да нѐ спаси, а ние ги затвораме дверите на срцето пред Него.

Но, Тајната продолжува. Христос ни доаѓа. Пештерата Го прима. Ангелите ја воспеваат славата Негова. Пастирите Го бараат. Мудреците Му се поклонуваат. Незнабожците веруваат. Црквата е основана. Заповедта на љубовта е напишана. Спасението се јавува.

Возљубени верници,

Ново чудо ни се јави! За само кратко време пештерата беше заменета со илјадници илјади цркви, големи и величествени, кои ги разубавуваат сите краишта на светот. Бедните јасли се претворија во бројни божествени олтари. Младенецот во повој нѐ очекува во Светите Таинства. Местото на мудреците го заседоа апостолите, она на пастирите – свештениците, и сите заедно ја објавуваат спасителната вест на целиот свет. Кон ангелскиот собор се причислија милиони преподобни и маченици, кои непрестајно Го слават Јагнето Божјо на небесата. А пеењето ангелско се повторува со биењето на црковните камбани и пеењето на прекрасните црковни песни, пеени од целиот свет.

Старецот Јосиф е олицетворение на Стариот Завет, а Дева Марија на законот на Новиот Завет. Повоите ги отсликуваат одеждите на црквите. Златото е слава на Божеството, темјанот се молитвите на светителите и верните, а мирото е украс на добродетелите. Конечно, ѕвездата го претставува Христовото Евангелие – сјајна светилка што го води светот.

И затоа, не во Витлеем јудин, туку во Црквата Христова се собираме денес, браќа и сестри, за да го прославиме Рождеството Господово. Ова е пештерата на спасението, тука се божествените јасли. Тука се незнабожечките мудреци, тука се пастирите на Новиот Израил. Тука е ѕвездата, тука е светлината, тука се даровите на Духот. И најважно, тука е Христос Младенецот – Црковниот Младоженец.



*Рождество Христово, 2015. Митрополитски соборен храм на св. Николај Чудотворец, Куманово.*

НО НИЕ ВО ЦРКВАТА, БРАЌА И СЕСТРИ, КАКО ВО БРОД, НЕМА ДА СЕ ИСПЛАШИМЕ ОД БЕЗУМИЕТО НА ИРОДА, НИТУ ОД УСТИТЕ НА ОВОВРЕМЕНИТЕ ЕРЕТИЦИ, ЗАШТО ХРИСТОС Е СО НАС И ВО НАС, А НАДВОР Е МАМОН. ВО ЦРКВАТА Е РАДОСНОТО ЕДИНСТВО, А НАДВОР Е ЗЛОТО НА ПОДЕЛБИТЕ. ВНАТРЕ СЕ МУДРЕЦИТЕ, А НАДВОР СЕ ГАТАЛЦИТЕ; ВНАТРЕ СЕ ПАСТИРИТЕ, А НАДВОР СЕ НАЕМНИЦИТЕ...



*Архимандрит Јакинт Унчулеак.*

Да славиме денес со радост крај јаслите Исусови. И нема само да минеме оттука, нема да бидеме само поклоници, ниту само благовесници на чудото. Околу престолот ќе ги видиме светите апостоли Христови, чесните маченици, великите монаси – светители, и соборот на светите отци. Ќе видиме мајките кои утеха чекаат од Мајката, девиците кои помош просат од Дева, младенците кои примаат благослов од Младенецот, војниците кои бараат заштита од Оној Кого луѓето Го гонеа, онеправданите кои за правда Го молат Судијата. Ќе ги видиме и грешниците како примаат простување, слепите како светлина просат, болните како очекуваат исцеление, гладните кои леб просат, жедните кои жеднуваат за чиста вода.

Нека не нè изненадува [тоа] што надвор од јаслите Исусови ќе видиме мноштво неверни кои хулат на Создателот, скептици кои го одрекуваат чудото на Рождеството, еретици кои ги раскинуваат повоите на Младенчето, грешници и бунтовници кои сеат немир во Црквата, ги делат народите и ја мразат светлината.

Но ние во Црквата, браќа и сестри, како во брод, нема да се исплашиме од безумието на Ирода, ниту од устите на оввремените еретици, зашто Христос е со нас и во нас, а надвор е Мамон. Во Црквата е радосното единство, а надвор е злото на поделбите. Внатре се мудреците, а надвор се гаталците; внатре се пастирите, а надвор се наемниците. Внатре – светлината на ѕвездата, надвор – бездната на пропаста. Овде е каменот на Црквата Православна, а зад нас е песокот на ереста. Внатре се јаслите и Младенецот, надвор се празните и бездетни колевки. Внатре е Дева со Исуса на раце, надвор се мајките без младенци во скутот. Внатре е радоста мајчинска, надвор е лелекот на чедоморството. Внатре се грубите повои, надвор се меките одежди. Во Црквата е Лебот, надвор се ронките; внатре е чистиот извор, надвор се матните води. Овде е ангелското пеење, надвор се блудните повици. Овде е одајата на Младоженецот, таму е порочниот сокак. Овде е кринот на Дева, таму се тревите на задволоствата... Накратко да кажеме, во Црквата е животот, а надвор е смртта. Овде е вистината, надвор е лагата. Овде е патот, а надвор е метежот на ересите.

Но ние, браќа и сестри, како оние што земаат удел во истиот леб на љубовта и пијат од истата чаша на верата, нема да клониме со духот, туку, оставајќи ги сите надворешни нешта, ќе се собереме меѓу духовните зборови околу јаслите Исусови; и радувајќи се денес, со ангелите ќе ја пееме ангелската песна: *Слава на Бога во височините, на земјата мир, меѓу луѓето добра волја* (Лк. 2,14).

ПОНЕСЕТЕ ЈА РАДОСТА НА СПАСЕНИЕТО. ПОВЕДЕТЕ ЈА ДО ДОМОВИТЕ НА СИРОМАШНИТЕ. ТОЛКУВАЈТЕ ЈА СРЕДЕ ТРПЕЗИТЕ НА ОНИЕ ВО ПОТРЕБА. ПОВТОРУВАЈТЕ ЈА КРАЈ БОЛНИЧКИТЕ КРЕВЕТИ НА БОЛНИТЕ. ВЛЕЗЕТЕ ОНАМУ КАДЕ НИЕ НЕ МОЖЕМЕ ДА ВЛЕЗЕМЕ.

Возљубени верни чеда,

Денешното слово ќе го завршиме со две прашања. Првото: **како ќе Го примиме Христа?** Со сомнеж, како древните јудејци, или со вера, како незнабожечките мудреци? Ќе Му дадеме ли покој во тајните јасли на нашите срца, или ќе Го избркаме од градот на нашите души, како Ирода? Ќе ги жртвуваме ли своите животи, души, сили, умови, и сè што цениме, за Спасителот? Ќе Го сретнеме ли денес Христа, откако претходно сме се помириле еден со друг, сме се исповедале и соединиле преку Тајните? Или ќе Му пристапиме исполнети со омраза, поделби, неисповедани, помрачени од страстите?

Секој нека даде одговор пред совеста на ова прашање; а ние, раскрилени во радоста на празникот, ќе продолжиме со следното прашање: **Ја носиме ли благата вест за Рождеството Христово во нашите домови, на нашите деца, роднини, браќа и сестри?** Или, од мрзеливост ја одрекуваме Тајната на Воплотувањето? Го правиме ли она што мудреците и пастирите го правеле, или остануваме незаинтересирани како порано?

Ако сме се скамениле, или сме заборавиле на своето христијанско достоинство во минатото, нема веќе да бидеме мрзеливи. Секој од нас нека стане гласник на чудото во Витлеем.

Вратете се дома. Понесете ја радоста на спасението онаму каде што сè уште не влегла. Поведете ја до домовите на сиромашните. Толкувајте ја среде трпезите на оние во потреба. Повторувајте ја крај болничките кревети на болните. Влезете онаму каде ние не можеме да влеземе. Тропајте на срцата на оние што се раскарани. Помирете ги искараните, утешете ги оние што страдаат, потсилете ги оние што се сомневаат, затоплете ги незаинтересираните; разгорете ги млаките, доведете ги изгубените до Христа. Отворете ги денес вратите болнички, стапнете преку портите на ослабените, чујте ја песната на сираците, и на сите објавете им ја благата вест со помош на изобилството љубов во вас, и на сите кажете им дека ***денес Господ се роди во светот***. Амин.



*Композиција: Благовештение на Пресвета Богородица, Рождество Христово и Сретение Господово. Синај, 12 век.*

БЕСЕДА



# ДОМОСТРОЈОТ НА БОГОЈАВЛЕНИЕТО

Серафим, Митрополит костурски

Во една од неговите беседи, возљубени браќа и празникољупци, светиот Прокло, патријархот Константинополски и ученик на свети Јован Златоуст, говори за великиот празник на Богојавлението што денес го празнуваме, велејќи:

> Христос се јави во светот, и го украси тажниот свет со голема радост. Го понесе врз Себе гревот на светот и засекогаш го победи непријателот на светот. Ги освети водните извори и го просветли умот на човештвото...
> Денешниот празник ни открива чуда поголеми од она на вечерта рождественска. Зашто, тогаш само земјата се радуваше, држејќи Го во јаслени прегратки Семоќниот Бог.
> Денес, пак, празнувајќи го Богојавлението, морето се радува. Се радува зашто преку Јордан удел зема во благословот на осветувањето...
> Сонцето на правдата се капе во водите Јордански. Оган се потопува и со водата се меша. И Бог го осветува човештвото. Денес сето создание се весели и пее: „Благословен е Оној Кој доаѓа во името Господово“. [Седма беседа, *На Светото Богојавление*]

Во овој славен ден на нашата вера, Христос Кој е „над секоја чистота“ се крштева во водите Јордански „за да нè ослободи од ропството на непријателот“. Денес го славиме откривањето на тајната на неизменливата и неразделна Света Троица, и земјата и морето се радуваат. Денес, кога сиот свет е исполнет со духовна радост, дозволете ми до вашата љубов да упатам едри и молежливи слова позајмени од боговдахновените учења на нашите богоносни отци на Светата Црква.

Прво, зошто Христос, Господарот на сè, беше крстен?, прашува свети Прокло.

И одговара: „Не затоа што имаше потреба од очистување на Неговата душа, туку за да ја домострои, на два начина, ползата за нашите души. Со водите Тој ни дарува очистителна благодат и секој од нас го охрабрува [да пријде] кој тајната на крштението“. Оваа вистина се спомнува и во песнопенијата на нашата Црква, како што пее светиот поет Козма:

„Но преку ова Тој домострои со нашето поколение.“

Тој не беше крстен заштo Му требаше очистување, туку да стане пример за нашето крштевање кое е совршено, а се совршува со вода и Свет Дух.

Оттука, оваа тајна што Тој ни ја препорачува кога вели „оној што поверува и се крсти, ќе биде спасен“, станува порта преку која влегуваме во Тајната на Црквата.

Ова не е световен настан, каков што за жал стана во нашево време, ниту само една церемонија со обележја што ѝ се туѓи на Црквата. Попрво, [крштението е] наш влез во Царството Небесно. Тајна на посиновување. Преку него ние стануваме деца Божји по благодат.

Тоа е „возило кон небото, застапник на Царството, дар на посиновување“, [Тринаесетта беседа, *На Светото Крштение*] според зборовите на чудесниот кесарејски јерарх, Василиј Велики.

„И врз Тебе слезе Светиот Дух, и за Тебе се чу гласот на Отецот на небесата... дека Ти си Негов Син“, нè уверува катихетот ерусалимски, св. Кирил.

Зошто се отворија небесата? - прашува св. Јован Златоуст, и одговара - За да се поучите дека кога вие се крштевате, се случува истото... Светиот Дух слегува и врз вас, исто така.

„Но преку ова Тој домострои со нашето поколение.“

Црковните отци појаснуваат дека Христос ја поставил водата како основен елемент на крштението, заштo таа е најупотребуваната и најпозната материја за очистување.

Оттука, таа го симболизира чистењето или очистувањето на душата, како и присуството кое го оплодува семето да даде плод. Без неа, би немало никаков облик на живот. На тој начин нè очистува од древниот грев, и секаков грев, водејќи нè кон нов и плодоносен и свет духовен живот.

Но, како што во дните на Ное Господ „го удави гревот во водите“, а во дните на Мојсеја „преку морето ги избави Евреите од ропството на фараонот“, така и преку вода и Дух Тој ни дарува спасение и ја обновува нашата стара природа од гревот.

Засветли вистинската Светлина, дарувајќи просветлтение на сите. Иако Тој е над секаква чистота, Христос се крштева со нас. Ги осветува водите, и станува очистување за нашите души. Она што е видливо е земно, но она што се спознава е наднебесно. Преку измивањето доаѓа спасението, а преку водата доаѓа Духот. Потопувајќи се во водата, кон Господа се вознесуваме. Чудесни се делата Твои, Господи, слава Ти [од утрената богослужба на празникот].

За време на Крштението се случува едно таинствено раѓање на потомството на Светиот Дух. Преку енергиите на Светиот Дух, оној којштo се крштева станува ново создание, здобивајќи се со нови сили за еден нов живот.

[Оние што се крштеваат] стануваат живи членови на Телото Христово. „Таква е благодатта на Светата Тајна: преку неа митарите и магите и

СОНЦЕТО НА ПРАВДАТА СЕ КАПЕ ВО ВОДИТЕ ЈОРДАНСКИ. ОГАН СЕ ПОТПУВА И СО ВОДАТА СЕ МЕША. И БОГ ГО ОСВЕТУВА ЧОВЕШТВОТО. ДЕНЕС СЕТО СОЗДАНИЕ СЕ ВЕСЕЛИ И ПЕЕ: „БЛАГОСЛОВЕН Е ОНОЈ КОЈ ДОАЃА ВО ИМЕТО ГОСПОДОВО“

ДОЈДЕТЕ И ВИДЕТЕ ГО НЕЧУЕНИОТ ПОТОП, МНОГУ ПОГОЛЕМ И ПОСИЛЕН ОД ОНОЈ ВО ВРЕМЕТО НА НОЈА. ТОГАШ ВО ВОДА СЕ ДАВЕА ЛУЃЕ, А СЕГА ВОДАТА НА КРШТЕНИЕТО ГИ ОЖИВУВА ДУХОВНО МРТВИТЕ, КОИ ДЕНЕС СЕ КРСТИЈА ПО СИЛАТА БОЖЈА.

оние што се полоши од сите и кои сториле ужасни дела, се вбројуваат во числото на децата Божји... И од нечисти, Крштението ги претвора во злато оние кои се крстени во Светиот Дух како во оган.“

Светиот Прокло нè повикува:

„Дојдете и видете го нечуениот потоп, многу поголем и посилен од оној во времето на Ноја. Тогаш во вода се давеа луѓе, а сега водата на крштението ги оживува духовно мртвите, кои денес се крстија по силата Божја. Тогаш Ное из-гради арка од цврсто дрво, сега Христос, умниот Ное, од нетлената Дева Марија ја прима арката на Неговото тело. Тогаш Ное со смола ја намачка арката. Сега Христос ја зајакнува и засилува телесната арка преку помазание со вера. Тогаш гулаб донесе маслиново гранче предвестувајќи Го благоуханието на Христа Господарот. Сега Светиот Дух во вид на најбел гулаб се јавува пред сите и Го открива милосрдниот Господ“.

Возљубени,

Денешниот голем празник на нашата вера е Теофанија [Богојавление], Епифанија. „Спасителот се јави меѓу луѓето...“; „Се појави денес во светот, и Твојата Светлина, Господи, слезе врз нас“, пее светиот поет. Истовремено, тоа е и повик за нас не само да Го видиме Христа Господа, туку во нашите срца да направиме место за Неговото живо присуство.

Нека Христос живее во нас, според објавата на апостолот: „Не живеам веќе јас, туку Христос живее во мене“ [Гал. 2, 20]. Ова не била привилегија само на апостолот, туку мора да стане и наша духовна состојба. „Ние не сме окружени од Христа и Светиот Дух како надворешна облека, но нашите срца и мисли се полни со светлина, а нашите лица со благодат“, вели Фотиј Велики.

На овој начин секогаш ќе живееме во мигот на Богојавлението, и ќе повторуваме, истовремено исповедајќи заедно со сета Црква Христова, со ангелите и светителите, дека „ја видовме вистинската Светлина, Го примивме Духот Небесен, ја најдовме верата вистинска, на неразделната Троица ѝ се поклонуваме“.

Покрај моите срдечни и искрени молитви, и љубов кон секој од вас посебно, ја завршувам мојава беседа денес со благословот на апостолот: „Благодатта на нашиот Господ Исус Христос, и љубовта на Бога Отецот, и заедницата со Светиот Дух да бидат со сите вас.“ Амин.



*Богојавление, фреска од манастир Дионисијат.*

ТЕМА

# БРАК ИЛИ МОНАШТВО?

**Јеротеј Влахос, Митрополит Навпактски**



Православната духовност е достапна за сите луѓе; одговорот на нејзината порака не е поврзан со некаква посебна група на луѓе. Сите оние коишто се крстени во името на Светиот Троичен Бог се „задолжени“ да ги исполнуваат Христовите заповеди. Не постојат исклучоци на патот кон обожувањето, кое е „патување“ од ликот Божји кон Неговото подобие. Апостолот Павле јасно вели: „Вие кои во Христа се крстивте, во Христа се облековте“ (Гал. 3,27).

Во врска со девственоста и бракот, апостолот Павле изјавува: „Неженетиот се грижи за Господови работи, – како да Му угоди на Господа; а женетиот се грижи за световни работи – како да ѝ угоди на жената“ (1Кор. 7, 32-33). Сепак, истовремено нагласува: „Ова ви го велам, браќа, оти времето натаму е кратко, та оние, што имаат жена, да бидат како да ја немаат“ (1Кор. 7, 29). Оттука гледаме дека брачните луѓе живееле исто така подвижнички и имале опит во духовниот живот.

Понатаму, не треба да се запостави фактот дека сите посланија на апостол Павле, испратени до различните Цркви, биле наменети за брачни христијани кои имале свои семејства. А токму во овие посланија апостолот говори за очистување на срцето, просветување на душата, здобивање на умната молитва, непрестаната срдечна молитва, восиновувањето по благодат и за животот во Светиот Дух. Овие посланија откриваат дека христијаните од првите апостолски Цркви живееле како што денес живеат монасите во светите манастири. Кога престанале прогонствата, пак, и христијанството станало официјална државна религија, секуларизацијата започнала да навлегува во Црквата и подвижничкиот начин на живеење исчезнал од градовите. Токму во тоа



*Монах, Света Гора.*

време монаштвото се развило како обид за сочувување на суштината на духовниот живот. Поради тоа светите отци нагласуваат дека монаштвото е продолжение на апостолството и животот на првата Црква; и дека монасите се оние кои го живеат евангелскиот живот, кои доживуваат крајно покаја-ние и кои се обидуваат бескомпромисно да ги запазат христовите заповеди. Секој православен монах кој живее во оваа атмосфера е Христов апостол, маченик и пророк. Монаштвото е апостолско, пророчко и маченичко живеење.

За да ја разбере суштината на монашкиот живот, човек треба да ги прочита Христовите блаженства. Монахот го започнува неговиот живот на длабоко покајание со солзи на оплакување и очистување на срцето. Сите елементи што го сочинуваат изворното монашко предание, онака како што ги откриваат отците, можат да бидат најдени во Евангелието и павловите посланија. Истите елементи се потенцирани во последованието на монашкиот постриг. Во него се вели дека за време на искушеничкиот период, идниот монах поминува низ огласување, живот во длабоко покајание и постојано очистување на срцето.

Ова е „првата љубов" за која говори евангелистот Јован во книгата на Откровението. Кога се совршува покајанието, настапува монашкиот постриг, што уште се нарекува и „второ крштение". Монашкиот постриг се нарекува Тајна затоа што монахот ги доживува очистувачките и просветувачки енергии Божји. Според св. Симеон Нов Богослов второто крштение е крштение во Духот, односно просветување на умот и стекнување на умната молитва. Кога се замонашува, на монахот му се вели: „Се очисти од гревовите и стана син на светлината". Оттука, монахот го доживува очистувањето на срцето пред постригот, и стекнува просветување за време на постригот.

Апостолскиот живот и начин на живеење на првите христијани, онака како што го опишува Павле во посланијата и Делата апостолски, е видлив. Монаштвото е апостолско и евангелско; умртвувањето на „стариот човек" му претходи, а дури потоа монахот станува „храм" на Пресветиот Дух. Молитвите на свештеникот ја изразуваат оваа тема.

Брачните христијани во нивните лични животи се исто така повикани да живеат според Евангелието и Христовите заповеди. Никој не е иземен од оваа одговорност. Секој мора да се кае, да ја надмине себичноста и да ја стекне љубовта кон Бога и ближните.

Очигледно е дека околностите на брачниот живот се разликуваат од оние на животот во манастир, и оттука е потребно определено прилагодување. Сепак, она што манастирот е за монахот, тоа е семејството за брачниот човек. Семејството е место за подвизување во брачниот живот, таму брачниот човек е повикан да ја исполнува Божјата волја.

„Боже пречисти... благослови го овој брак и дај им на Твоите раби (имињата) мирен живот, долговечност, непорочност, меѓусебна љубов преку врските на мирот,

ВО РАМКИТЕ НА ПРАВОСЛАВНАТА ДУХОВНОСТ, ЗНАЧИ, ХРИСТИЈАНИТЕ НЕ СЕ ДЕЛАТ НА КАТЕГОРИИТЕ „БРАЧНИ" И „САМЦИ", „МОНАСИ" И „МИРЈАНИ", ТУКУ НА ОНИЕ КОИ ГО СТЕКНАЛЕ СВЕТИОТ ДУХ И ОНИЕ КОИ НЕ ГО СТОРИЛЕ ТОА.

долговечен пород, благодат со чедата, неовенлив венец на славата; удостој ги да видат чеда од чедата, постелата запази им ја беспрекорна и дај им одозгора небесна роса и земно изобилство; исполни им ги домовите со пченица, вино и масло и секоја добрина, да даваат и на оние што имаат потреба, дарувајќи, во исто време, и на оние што се со нив, сè што просат за спасение.“ (Прва молитва на Венчание).

Црквата го поставила сето свое учење за бракот во молитвите што се читаат за време на Венчанието. Венчаните се благословуваат да живеат живот во љубов и целомудрие, следејќи ги Божјите заповеди.

„Возвеличи се, младоженецу, како Авраам, биди благословен како Исак, умножи се како Јаков, одејќи во мир и извршувајќи ги во правда Божјите заповеди. И ти, невесто, возвеличи се како Сара, развесели се како Ревека, и умножи се како Рахила, радувајќи се на својот маж и пазејќи ги наредбите на законот, зашто така благоволи Бог.“

Фактот дека во молитвите се спомнуваат жени и мажи удостоени со опитот на боговидение во Стариот Завет укажува на подвижничкиот и спасителен карактер на бракот во Христа. Светите отци учат дека зачнувањето, носењето и раѓањето деца ја сочинуваат „кожната облека“ што ја наметнал Адам по падот. Сепак, Господ го благословил овој пат. Св. Максим пишува дека бракот, каков што денес го знаеме, е последица на Падот.

Светиот Златоуст поучува дека сите Евангелски заповеди - освен, се разбира, заповедта за бракот - важат и за монасите, и за брачните луѓе. Светиот Василиј забележува дека и монасите, и брачните се повикани да се држат до заповедите Христови и евангелски. Св. Григориј Палама, говорејќи за чистотата на срцето, објаснува дека и брачните луѓе можат да се борат за да ја здобијат.

Постоењето на многу брачни светители кои ја стекнале умната молитва во Стариот, како и во Новиот Завет, открива дека брачните луѓе ја имаат можноста да ја доживеат православната духовност во сите нејзини projави. Пророчицата Ана ја чувала умната молитва во нејзиното срце и непрестајно се молела среде болките што ја измачувале.

Во рамките на православната духовност, значи, христијаните не се делат на категориите „брачни“ и „самци“, „монаси“ и „мирјани“, туку на оние кои Го стекнале Светиот Дух и оние кои не го сториле тоа. За секого постои можност да ги пази Христовите заповеди и да ја искуси православната духовност под раководство на духовен отец. Не постојат привилегирани и непривилегирани луѓе во православното предание.



*Света Тајна Венчание.*

БРАК

# Бракот според учењето на Православната Црква

Иларион Алфеев, Митрополит волоколамски



Љубовта меѓу мажот и жената е важна тема на библиското благовестие. Како што вели Самиот Бог во книгата *Битие*, „ќе го остави човекот таткото свој и мајката своја и ќе се прилепи кон жената своја; и обата ќе бидат едно тело“ (1Мојс. 2,24). Важно е да се забележи дека бракот е воспоставен од Бога во рајот, односно тој не се јавува како последица на гревопадот. Библијата си спомнува за брачни парови врз кои лежел особен благослов Божји, пројавен во умножувањето на нивното потомство Авраам и Сарра, Исаак и Ревекка, Јаков и Рахил. Љубовта се воспева и во соломоновата Песна над песните – книга којашто, и покрај сите алегориски и мистични толкувања на светите отци, не ја губи и својата буквална смисла.

Првото Христово чудо било претворањето на вода во вино, [што се случило] на свадбата во Кана Галилејска, што во светоотечкото предание се разбира како благослов на брачниот сојуз. „Ние потврдуваме, - вели свети Кирил Александриски, - дека Он (Христос) го благословил бракот соодветно на домостројот според кој Он станал човек и пошол на брачен пир во Кана Галилејска (Јн. 2,1-11)“ .

Во историјата се познати секти (монтанизам, манихејство и др.) кои го отфрлале бракот како спротивен на аскетските идеали на христијанството. Дури и во наше време понекогаш може да се чуе мислењето според кое, христијанството го избегнува бракот и истиот „го допушта“ како сојуз меѓу маж и жена единствено како „снисходење пред слабоста на телото“. Колку ова мислење е неточно може да видиме од зборовите на светиот свештеномаченик Методиј Патарски (4 в. по Хр.), кој во неговиот трактат посветен на девственоста, дава богословско оправдување за раѓањето деца како последица на бракот и вооошто, на половиот акт меѓу ма-

жот и жената: „Потребно е, за човекот... да постапува според образот Божји... како што е речено: ‘Плодете се и множете се’ (1Мојс. 1,28). И не треба да се бега од определението на Творецот, според кое и самите ние бевме создадени. Како почеток на раѓањето луѓе служи насадувањето семе во недрата на женската утроба, за коска од коски и плот од плот, примајќи невидлива сила, одново да бидат образувани во друг човек од истиот Уметник... На ова, можеби укажува и истапувањето во сон, наложено на првосоздадениот (сп. 1Мојс. 2,21), предобразувајќи го насладувањето на мажот во општењето (со жена), кога тој, при жедта на детераѓањето достигнува истапување (ekstasis, екстаза), расслабувајќи во снотворните задоволства на детераѓањето, за нешто, одделувајќи се од неговите коски и плот, одново да се создаде... во друг човек... Оттука, правилно е кажано дека човек ќе го остави татка си и мајка си, како некој кој одненадеж заборавил сè, во она време, кога соединувајќи се со жената во прегратките на љубовта, станува учесник во плодотворноста, дозволувајќи му на Божествениот Создател да земе од него ребро, за од син, и самиот да стане татко. И така, ако и сега Бог го образува човекот, зарем не е ли дрско одвраќањето од детераѓањето, кое не се срами да го прави Самиот Седржител со Своите чисти раце?“ Како што понатаму тврди свети Методиј, кога мажите „го внедруваат семето во природните женски премини“, тоа станува „причасно на творечката сила“.

На тој начин, сопружничкото општење се разбира како боговостановено творечко дејство, кое се одвива „според образот Божји“. Уште подобро, половиот чин се покажува како пат преку кој Бог-Уметникот создава. Иако вакви мисли ретко се среќаваат кај црковните отци (кои, пред сè биле монаси и оттука, малку се интересирале за вакви теми), не треба да бидат премолчани при изложувањето на христијанското сфаќање на бракот. Осудувајќи ја „плотската похота“, хедонизмот, половата распуштеност и противприродните пороци (сп. Рим. 1,26-27; 1Кор. 6,9 и др.), христијанството го благословува половото општење меѓу мажот и жената во рамките на брачната заедница.

Во бракот се случува преображение на човекот, се надминува осаменоста и изолираноста, се случува растење, исполнување и совршување на неговата личност. Протопрезвитер Јован Маендорф вака ја дефинира суштината на христијанскиот брак: „Христијанинот е повикан – уште во овој свет – да стекне опит на новиот живот, да стане граѓанин на Царството; и ова е можно во бракот. Оттука, бракот [веќе] престанува да биде само времено задоволување на природните побуди... Бракот е единствена заедница на две суштества во љубовта, две суштества кои можат да ја надминат својата сопствена човечка природа и да бидат соединети не само ‘еден со друг’, туку и ‘во Христос’“.

Еден друг виден руски пастир, свештеникот Александар Елчанинов, говори за бракот како за „посветување“, „таинство“, во кое се случува „целосна промена на човекот, проширување на неговата личност, нови очи, ново осмислување на животот, раѓање во светот во нова полнота“. Љубовната врска меѓу двајцата се јавува како откривање на личноста на секој еден од нив, но и како раѓање на плодот на љубовта – детето кое двајцата ги преобразува во тројца. „Во бракот е возможно целосно познание на човекот – чудото на насетување, допирање, гледање на другата личност... Пред бракот, човек само го допира животот, го набљудува од страна, и само во бракот тој се нурнува во животот, влегува во него преку другата личност. Ова насладување со вистинско познание и вистински живот го дава тоа чувство на совршена полнота и задоволство,

ВО БРАКОТ Е ВОЗМОЖНО ЦЕЛОСНО ПОЗНАНИЕ НА ЧОВЕКОТ – ЧУДОТО НА НАСЕТУВАЊЕ, ДОПИРАЊЕ, ГЛЕДАЊЕ НА ДРУГАТА ЛИЧНОСТ... ПРЕД БРАКОТ, ЧОВЕК САМО ГО ДОПИРА ЖИВОТОТ, ГО НАБЉУДУВА ОД СТРАНА, А ВО БРАКОТ ТОЈ СЕ НУРНУВА ВО ЖИВОТОТ, ВЛЕГУВА ВО НЕГО ПРЕКУ ДРУГАТА ЛИЧНОСТ.



Свадба во Кана Галилејска, икона.

кое нè прави побогати и помудри. И оваа полнота се продлабочува со појавувањето на нашето дете од нас, сега веќе слеани и помирени.

Давајќи му толку високо значење на бракот, Црквата има одречен став кон разводот, а исто и кон вториот или третиот брак, доколку тоа не е поврзано со некаква посебна околност, како на пример нарушување на верноста на едната или другата страна. Таквиот однос е заснован на Христовото учење, кое не ги признавало старозаветните прописи во врска со разводот (сп. Мт. 19,7-9; Мк. 10,11-12; Лк. 16,18), со еден исклучок – развод поради прељубодејство (Мт. 5, 32). Во тој случај, а исто така и во случај на смрт на еден од сопружниците или при други исклучителни случаи, Црквата благословува втор и трет брак.

Во ранохристијанската Црква не постоел засебен чин на венчавање: мажот и жената доаѓале кај епископот и го добивале неговиот благослов, по што заедно се причествувале на Литургија со Светите Христови Таинства. Оваа врска со Евхаристијата се пресликува и во современото чинопоследование на брачното Таинство, кое започнува со литургискиот возглас *Благословено е Царството*, и кое во себе вклучува многу литургиски молитви, читање од Апостолот и Евангелието, симболичната заедничка чаша вино. На венчанието му претходи свршувачка [прстенување], за време на која младоженецот и невестата се должни да го посведочат доброволниот карактер на нивното стапување во брак и да разменат прстени.

Самото венчание се случува в црква, по правило, по Литургијата. На двојката што се венчава за време на Таинството ѝ се полагаат венци, кои се симбол на Царството: секое семејство е една мала црква. Но, венецот е истовремено и симбол на мачеништвото, затоа што бракот не е само радоста на правите месеци по свадбата, но истовремено и носење на сите маки и страдања што следат – неговиот секојдневен крст, тешкотиите што во бракот се наложуваат врз двајцата.

Во време кога распаѓањето на семејствата стана секојдневна појава, и при првите маки и искушенија сопружниците се спремни да се откажат еден од друг и да го срушат својот сојуз, ова полагање на маченички венци служи за потсетување на тоа дека бракот ќе биде траен единствено кога ќе биде заснован врз подготвеноста да се даде животот за другиот, а не врз моменталните и скороминливи страсти. И семејството станува дом изграден на цврста основа, а не на песок, единствено во оној случај, кога негов аголен камен станува Самиот Христос.

На страдањето и крстот потсетува и тропарот „Свети маченици" што се пее за време на трикратниот опход на младоженецот и невестата околу аналојот. За време на венчанието се чита евангелскиот расказ за бракот во Кана Галилејска. На тој начин се потенцира невидливото Христово присуство во секој христијански брак, и божјиот благослов на брачниот сојуз. Во бракот христијаните се должни да го направат чудото на претворање на „водата", т.е. обичниот овоземен живот, во „вино" – постојан и секојдневен празник, прослава на љубовта на едниот кон другиот.

*Изводок од книгата „Таинство веры. Введение в православное догматическое богословие".*

ПРЕДИЗВИЦИ

# Потешкотиите на семејниот живот

Протопрезвитер Петар Перекрестов



Зборот „потешкотија“ е тесно поврзан со еден друг збор - „страдание“, и токму за тоа би сакал сега да зборувам: страданието и неговата улога во православниот семеен живот. Страданието е неразделив чинител од нашето овоземно постоење. Се проткајува низ секој аспект од нашиот живот. Човек треба да зборува за него, да го очекува, да се подготвува колку што може повеќе, и никако не смее да бега од него. На страданијата, тагите, несреќите [денес] се гледа како на некакво зло на кое треба да му се одолее и да се избегнува по секоја цена. Луѓето се плашат од страдање (еден свештеник, кој истовремено е и лекар, еднаш ми рече дека стравот од страдање некогаш е поголем од самото страдање).

Нѐ учат дека животот треба да се проживее глатко, непопречено. Страдањето и тагите се мешаат во овој живот на благосостојба; ни сметаат. На нив гледаме како на неправилности, неправди, а не како на последица на лошите човечки избори. Како може Бог да дозволи некој да страда?! Училиштата и медиумите, особено овде, на имашниот Запад, ни го всадуваат ваквиот начин на размислување. Како православни христијани, нашата најдобра одбрана пред несвесното прифаќање на ваквиот став е разбирањето на вистинското значење на страдањето, онака како што Православната Црква го толкува.

Во четвртиот член од нашиот Символ на верата, читаме дека нашиот Господ Исус Христос „пострада и беше погребен. И воскресна во третиот ден, според Писмото“. Како христијани,

**ФАКТОТ ДЕКА ПОСТОЈАТ ПРОБЛЕМИ ВО ЕДЕН БРАК НЕ ЗНАЧИ ДЕКА СОПРУЖНИЦИТЕ НЕ СЕ ЉУБАТ ЕДЕН СО ДРУГ.**

повикани сме да Го следиме Христа, да го земеме нашиот крст - страдањето и маките. Апостол Павле пишува дека ако пострадаме со Христа, заедно со Него и ќе царуваме (2Тим. 2,12), и секој кој со Христа умира, со Него и ќе воскресне (Кол. 21,12). Без страдање, без умирање за овој свет, нема воскресение. Чекорејќи по патот на страдањето, православниот христијанин остварува контакт со Христа; учествува во Христовото страдање и одговара на неговиот повик како христијанин. Нема светител кој на некаков начин не страдал. И навистина, најраширениот облик на светост е маченништвото - сведочењето на Христа со животот, дури до смртта.

И додека не секој христијанин е повикан да биде маченик во оваа буквална смисла на физичка смрт, преку носењето на нашиот крст и следејќи го патот на страданијата и ние искусуваме некаков облик на маченииштво. Монаштвото - волно, свесно и намерно прифаќање на лишување и себеодрекување - е најдобар пример за духовно маченииштво. Животот во светот, исто така, овозможува многу можности за овој вид маченииштво, дотолку повеќе што страдањето - без разлика дали тоа е физичко, духовно или душевно - е неизбежно во овој свет заразен со грев. Секако, доколку човек, воден кон маченииштво, одеднаш се откаже од верата и биде убиен, неговото маченииштво нема да го спаси. Слично на тоа, ако сакаме нашите страдања да имаат искупително обележје, мораме да ги прифатиме волно и да се потрудиме да ги осмислиме, онолку колку што нашите ум и срце се способни за тоа.

Страданието зема различни облици. Најочигледен од нив е страдањето поради болест или физичка слабост (кога срекаваме некого, првото нешто што го прашуваме е во врска со неговото здравје - *Како си?*). Овој вид страдање понекогаш може да биде олеснет со лекови и надворешни средства. Се пројавува преку физичка болка, неудобност и ограниченост на движењето; дружењето со другите е тешко, и оттука, ова страдање честопати е придружено од осаменост; понекогаш болеста предизвикува физичко изобличување што исто така, може да предизвика страдање.

Вториот вид страдање е поврзан со областа на човечкиот дух и душа. Не е предизвикан од директна физичка болка, туку најчесто од некои надворешни нешта: несреќен семеен живот, потешкотии на работата и во општеството, зависност од алкохол или дрога, од пари и материјални добра; или сиромаштија, клевети, навреди, љубовни бродоломи, потешкотии на училиште и со другарите, или навидум безнадежна ситуација, ќорсокак, работа без резултати, разочарување од некого, голема животна промена или, она што честопати се случува, болест или смрт на некоја блиска особа.

Третиот вид страдање ги допира чисто духовните сфери, и е особен за православните христијани. Да го наречеме „страдање на срцето“. Се работи за чувството што го доживуваме кога сме во неможност да се издигнеме на посакуваното духовно ниво, кога сме свесни за нашата огревовеност и оддалеченост од Создателот, кога нашите ближни духовно умираат, кога се наоѓаме среде криза на верата, кога сме духовно чувствителни на она што се случува околу нас. Сето ова, без оглед колку добри и посакувани да се надворешните околности во нашиот живот, ни предизвикува духовна болка, страдање. Тоа може да биде последица и на неспојливоста на православниот начин на живеење со надворешниот свет. Веќе две илјади години христијаните имаат потешкотија да живеат во овој свет, но во денешно време, време на напуштање на Бога, на сериозни и длабоки измами, неморал и страшни болести, сето ова станува уште потешко. Се обидуваме да се прилагодиме на нашето окружување, бараме мир, парче под небото, но не

можеме да го најдеме, и тоа прави да нè боли срцето.

Да го разгледаме сега местото на страдањето во семејниот живот.

Христијанското живеење во светот оди рака под рака со страдањето. Кога христијаните живеат заедно во едно семејство, понекогаш ова страдање е дури и посилно. Влегувајќи во брак, денес повеќето млади луѓе очекуваат единствено среќа и мирен живот, благосостојба. Светата Црква нè предупредува за суштината на христијанскиот брак: таа полага венци на главите на сопружниците - симбол на победа и маченииштво, радост и тага. А ние не водиме сметка за тоа.

Светот околу нас, со неговите лажни и нехристијански изјави за негативноста на тагата и страдањето, не нè подготвува за неизбежното, и кога некој човек ќе се соочи со страдање и несреќа, тој е целосно неподготвен да ги прифати, да се справи со нив.

Најчесто, штом се соочат со проблеми во брачниот живот, луѓето сакаат да побегнат од нив преку развод. Мачениците знаеле дека ќе бидат судени и измачувани, па сепак на мачење оделе со радост, пеејќи псалми и цврсто исповедајќи Го Христа. На ист начин човек треба да влезе во христијански брак - со спремност да истрае и да страда, знаејќи дека токму тоа е потребно, и дека тука е приготвен патот кон спасението. Фактот дека постојат проблеми во еден брак не значи дека сопружниците не се љубат еден со друг.

За жал, денешните мажи и жени не се подготвени да ги прифатат секојдневните недостатоци и слабости што ги забележуваат едни кај други: мрзеливоста, зборливоста, критиките, различните навики, вкусови, повремените навреди и дрскост. Луѓето како да се нервираат едни со други. И додека надвор човек може да ги прикрие своите недостатоци, да се сокрие зад

**ШТОМ СЕ СООЧАТ СО ПРОБЛЕМИ ВО БРАЧНИОТ ЖИВОТ, ЛУЃЕТО САКААТ ДА ПОБЕГНАТ ОД НИВ ПРЕКУ РАЗВОД.**

фасадата на пристојноста, дома тоа се чини невозможно: каде да се сокриеш од семејството? Сопругот и сопругата не можат да се изолираат еден од друг. Тие треба да се истрпат еден со друг, да истраат пред страдањето, да си го носат бремето еден на друг. Потребен е постојан напор за да се справат со милионите лутини и потешкотии со кои тие двајца се соочуваат секојдневно во текот на многугодишниот христијански брак.

И токму така може да биде дефинирано подвижништвото во семејниот живот. Справувајќи се со овие искушенија, страдања, развивајќи ја волевата сила, смирението и кротоста, положувајќи ја верата во Господа, а не во сопствените сили, сопругот и сопругата се приближуваат кон Бога, но и еден кон друг. А тоа, од друга страна, служи како поука и за нивните деца.

Страдањето е духовно училиште во кое и родителите, и децата се образуваат. Како што напишал еден верски писател од Русија, „верата не може да биде научена, како што може да биде научена науката; таа се прима со срцето, а не со умот, преку дела, преку непосредно лично искуство. Таа е извор кој се вле-



ва во вечниот живот: ниту размислувањето за водата, ниту нејзиното проучување не може да ја задоволи жедта на човекот доколку тој самиот не се напие од овој извор.“

Протојереј (подоцна јеромонах) Сергеј Четвериков на сличен начин нагласува дека мора да биде исцртана јасна граница меѓу знаењето за Бога и богопознанието. Во раното детство се поставува една цврста основа за идниот духовен живот. Отец Сергеј пишува: „Зошто некои луѓе во душата запазуваат една цврста и непоколеблива вера до крајот на нивните животи, додека другите ја губат, некогаш трајно, а некогаш повремено, подоцна враќајќи ѝ се со голема потешкотија и труд? Мислам дека ова зависи од правецот што внатрешниот живот на младиот човек го зел во раното детство. Ако една личност е способна, свесно или инстинктивно, да го сочува правиот однос со Бога, таа нема да отпадне од верата.“

НЕ МНОГУ ОДАМНА РАЗГОВАРАВ СО ЕДЕН ОПИТЕН СВЕШТЕНИК КОЈ ИМА ГОЛЕМО СЕМЕЈСТВО. ТОЈ МЕ СОВЕТУВАШЕ МЕНЕ, А И ДРУГИТЕ РОДИТЕЛИ, ДА НЕ ЈА НАГЛАСУВАМЕ КАЗНАТА БОЖЈА, ТУКУ ПОВЕЌЕ ВНИМАНИЕ ДА ПОСВЕТИМЕ НА РАЗГОВОРИТЕ ЗА БОЖЈАТА ЉУБОВ, ЗА БОЖЈАТА МИЛОСТ. ДУРИ И НА СТРАДАЊАТА ТРЕБА ДА ГЛЕДАМЕ НЕ КАКО НА БОЖЈА КАЗНА, ТУКУ КАКО НА ПРОЈАВА НА БОЖЈАТА ЉУБОВ КОН НАС.

Родителите ја создаваат атмосферата за духовен раст не само преку правила и инструкции, туку пред сѐ преку вера и пример. Во детската душа, положена во една здрава атмосфера на активна вера, љубов кон Бога, побожност и трпение во страданијата, дури и неволно започнува да гори од пламенот на вера и љубов, како свеќа што се пали од веќе запалена свеќа. Ако децата, додека растат, гледаат како нивните родители без роптање се соочуваат со искушенијата - без разлика дали тие се испратени од Бога или родителите своеволно ги зеле врз себе, а имајќи го на ум вечниот живот -, тогаш во нив се развива едно чувство за виша Сила, виша реалност.

Не многу одамна разговарав со еден опитен свештеник кој има големо семејство. Грижејќи се за своите внуци, се запрашал какви грешки направил во воспитувањето на неговите деца. Се сетил дека порано дома имале само две правила - *може* и *не смее*. Ако нешто спаѓало во групата *може*, тоа било добро, а *не смее* означувало нешто лошо, нешто за што Бог би го казнил





*Семејство Терехови, Москва.*

детето и тоа би завршило во пекол. Свештеникот ме советуваше мене, а и другите родители, да не ја нагласуваме казната Божја, туку повеќе внимание да посветиме на разговорите за Божјата љубов, за Божјата милост. Дури и на страдањата треба да гледаме не како на Божја казна, туку како на пројава на Божјата љубов кон нас.

Во семејството постои и едно поинакво страдање кое доаѓа преку децата. Тоа најчесто се согледува во време на болести. Забележливо е дека болеста на едно невино дете, неговото страдање, го зближува семејството; сè овоземно губи важност, станува непотребно и празно во споредба со болеста на детето. Кога некој член од семејството се разболува и страда, тоа не значи дека тој е оној кој е најпогоден. Обично болниот член е толку обземен од физичкото страдање, што со преостанатите сили се насочува кон некаква духовна активност. Другите пак, околу него, особено ако се чувствуваат беспомошно, сострадуваат со болниот и времето им минува во јадосување. И така, доаѓа до поврзување: физичкото страдање на болниот се спојува со духовните страдања на другите околу него. Спасот и на едниот, и на другите, лежи во надевањето на Бога и Неговата Света Црква. И повторно, тука гледаме како страдањето ги образува и родителите, и децата. Во време на болести, несреќи и искушенија, семејството е еднодушно, се простуваат навредите; искреноста и едноставноста одново се раѓаат. Сум видел како родители кои обично им посветуваат малку внимание на своите деца, целосно им се даваат кога овие се разболуваат, не штедејќи време, ни сили, ни средства. Блажениот митрополит Антониј Храповицки има забележано како, за време на болест на едно дете, идентитетот на мајката се менува од „јас“ во „ние“.

Кога мајката - христијанка се труди, гладува, минува непреспани ноќи и воопшто, тагува заради нејзиното дете, таа ретко кога е свесна за нејзината внатрешна битка, за нејзиниот подвиг.

Како што децата растат и навлегуваат во тинејџерство, родителите се соочени со нови стресови - однесувањето на децата, нивните дела, отсуството на посакуваниот плод од нивното воспитување. Родителите се прашуваат зошто нештата не испаднале онака како што очекувале, каде погрешиле... и сето тоа создава нови страдања. И тука повторно останува надежта да се положи во Господа. Ако се случи тоа, наскоро забележуваме како Бог внесува одредена рамнотежа во нашите животи, стануваме убедени дека никогаш нема да потклекнеме на искушенијата додека Он е со нас. Бог е како остров среде океанот на страдања, остров што ни нуди спасение и одмор.

Повеќето од нас не ги искористуваме многуте прилики што семејниот живот ни ги овозможува за духовен раст. Носејќи ги крстовите едни на други, грижејќи се, служејќи, љубејќи, простувајќи си едни на други - и соочувајќи се со страдањето што оди притоа - ние се очистуваме како злато во огнена печка. Праведна Јулијана од Лазарево имала тринаесет деца, од кои дури шест починале додека биле мали. Таа сакала да појде в манастир, но нејзиниот сопруг ја убедил да остане во светот и да ги одгледа децата: „Црната риза нема да нè спаси ако не живееме како што треба; дури и во бела риза [т.е. живеејќи во светот] може да се спасиме, само ако ја исполнуваме Божјата волја“.

Св. Теофан Затворник пишува: „Маченициите се очистиле и се подготвиле за Царството Божјо преку оган и меч... Нам, пак, ни е дадено поинакво очистување. Секому од нас различно: на еден - потешко, на друг - полесно...“ Бог знае што е најдобро за нас. Затоа, да ѝ веруваме на Неговата света волја, знаејќи дека страдањата на сегашното време не се ништо спрема славата, која ќе се јави во нас (Рим. 8,18).

*Отец Петар Перекрестов е свештеник на соборната црква „Радост на сите нажалени“ во Сан Франциско (САД) и уредник на црковното гласило „Руски пастир“. Овој текст е адаптација на едно негово предавање на руски јазик одржано на Конференцијата за православна младина одржана во Минхен, 1989 година.*

ИСПОВЕД

# Мојот монашки живот

Антониј, Митрополит сурошки



Бев замолен да кажам неколку збора за себе, и да дадам вовед во темата на монашкиот живот. Ќе го прескокнам првиот дел од мојата биографија - период во кој бев тотален неверник - и фактот дека Бог ми дозволи ненадејно да Го спознаам токму во моментот кога со сета сила се обидував да се убедам дека Он не постои, дека Христос може да биде отфрлен, а Евангелието презрено и запоставено.

Би сакал повеќе да ви зборувам за монашката потрага што нас, неколкутемина, нѐ натера да дадеме завети во околности што вам ќе ви делуваат чудно. Вообичаениот монашки живот, каков што е во манастирите, секако, е оној монашки живот што го гледаме во историјата по победата на христијанството. Но, бидејќи христијанството [повторно] беше гонето - насилно, свесно, научно, и сосема одлучно во некои векови, и бидејќи руските православни христијани се расеаја низ светот без материјална, а некогаш и без морална можност за создавање монашки заедници, ние моравме одново да го осмислиме проблемот на монашките завети и повик, и како тие би можеле да се изразат во нашите животи.

Материјалните околности се многу едноставни и преочигледни за да се задржиме на нив: Црква на имигранти, особено во првите две децении, која беше во неможност да основа заедници. Една заедница би можела да живее или од својата работа, или од милостиња - односно, да биде негувана - од Црквата. И двата начина долго време не беа можни за нас. Но, постоеја и морални причини за многу од нас поради кои, и покрај нашата желба, бевме

спречени да појдеме во манастир. Некои заминаа на Света Гора, други во Грција, трети на Балканот. Но, многу од нас не се решаваа на овој чекор, зашто беа соочени со потребите на Црквата. Тројца од нас, меѓу 1931г. и крајот на Втората светска војна, заедно баравме начин за изнаоѓање на монашки живот. Сите тројца бевме решени да живееме како монаси и никогаш да не станеме свештеници. И сите тројца не останавме на таа одлука - сите тројца примивме свештенички чинови. Порано или подоцна, бевме повикани секој од својот надлежен епископ, и ни беше речено: „Остани си монах ако сакаш. Но, имам десет парохии без свештеник. Можеш ли да ги оставиш без Таинства - без Причест, без Крштение - луѓето за кои можеш да служиш?“ И сите тројца, порано или подоцна, се решивме да станеме свештеници.

Сепак, би сакал да кажам нешто за потрагата по монаштво во вонредни околности, и врската што ја откривме меѓу свештенството и нашето монаштво. Можеби ви е чудно што ви говорам како монах. Јас не живеам во манастир. Дадов завети во 1939г. и никогаш немав можност (освен на неколку безнадежно куси периоди) да живеам во општежителен манастир. Сепак, двајцата мои сотрудници и јас се чувствуваме длабоко врзани со монашкото предание и таинство.

Првата работа во монашкиот живот е повикот, наклонетоста. Повикот е нешто што не зависи од нас. Одговорот [на тој повик] зависи од нас; но, самиот повик е Божјо дело. А, кога Бог те повикува, не можеш да Му речеш „Господе, моменталните околности во мојот живот се такви, што не можам да го носам она на кое ме повикуваш“. Божјиот повик е уверение дека она на што Он нè повикува е можно. Единственото прашање е „како?“

Ние тројцата, кои чувствуваме дека сме повикани на евангелско себеодрекување, никогаш не се прашавме дали е тоа нешто можно. Се прашувавме како Бог благоволи да го оствариме тој повик. Во реалноста, проблемот беше делумно вештачки. (...) Ги истражувавме пустинските отци, зашто во нивно време тие се наоѓале во ситуација слична на нашата. Не можеле да се потпрат на некаква претходна случка; првите луѓе што заминале во пустината, повикани од Бога да водат монашки живот, не можеле да подражаваат нешто што се случило претходно. Тие морале сè да обмислат, врз основа на Божјата волја и крајниот и неодложен повик [што го чувствувале].

Потоа почнавме да се прашуваме за монашката непоколебливост [стабилност], барајќи го нејзиното значење во внатрешниот простор. Надворешно гледано, непоколебливоста на православното монаштво се содржи во затвореноста. Постои една линија, простор, преку која не се минува. Но, дали само поради ограничувањето со една линија исцртана наземи ние ќе станевме непоколебливи? Во што се состои непоколебливоста? Откривме дека суштината на непоколебливоста е во убеденоста дека Бог е насекаде, дека не мора да Го бараме Бога на друго место; дека ако јас не успеам сега и овде да Го најдам, нема никаде да Го најдам, зашто Царството Божјо започнува во нас самите. Оттука следи дека треба да бидам уверен дека можам да застанам пред Бога каде и да сум, и дека е доволно за мене потполно, да речеме - неподвижно да застанам пред Бога, а местото и не е толку важно. Секако дека и местото е важно, зашто или ти помага, или ти одмага. Полесно е да стоиш пред Бога во тивка келија, или во манастирски параклис, отколку среде воено поле или на пазар. Сепак, во тие околности таква беше нашата мерка за непоколебливост. Лесно е да се биде непоколеблив кога ништо не ти отежнува; но, да се биде непоколеблив кога сè друго ти отежнува, тоа ќе нè увереше дека сме го нашле нашиот центар.

Тогаш почнавме да го бараме нашиот центар. Откривме дека ако не му дозволиме на светот да влезе во нас, тогаш ќе имаме доволно простор во нас да застанеме, во мир и служба, пред Живиот Бог. Еден од древните црковни отци има кажано дека мора да се научиме да живееме целосно во нашите кожи; да не им дозволиме на нашите желби и љубопитства да излегуваат надвор, да бидеме целосно собрани во центарот на нашето битие. Ако не успеевме во тоа, тогаш никаква географска непоколебливост не беше можна.



Монах на послушание.

Јас бев затворски свештеник. Теоретски, затворската келија има идеални услови за внатрешна непоколебливост. Можеби фактот дека некој е ставен во затвор е поидеален одошто да се биде во келија по свој избор, зашто во првиот случај човек може да биде убеден дека во моментите на искушенија нема да може да излезе оттаму. Но, сите знаеме многу добро дека да се биде во затвор е далеку од тоа да се биде непоколеблив. Срцето на затвореникот е надвор од неговата келија. Сиот негов интерес е насочен надвор од затворските ѕидини. Целот живот му е надвор. Само телото му е прав затвореник.

Така, почнавме да трагаме по некаква состојба на непоколебливост, барајќи облик на молитва што сам по себе би бил непоколеблив, и би нè оттргнал од надворешниот свет. Нема да имам време да зборувам за ова; од почетокот се молевме со исусова молитва, зашто таа е заснована на името на вополотеното Слово: „Господи Исусе Христе, Сине Божји, помилуј ме мене, грешниот". Некако, ова е едноставно, а расчистувањето со светот е нешто многу посложено. Човек може да се повлече во пустина, или во манастирска келија, и надворешниот свет ќе биде оддалечен, но нема да исчезне. Доволно е двајца или тројца да се соберат заедно, и не само Господ да биде меѓу нив, туку да се појават и првите проблеми на меѓулични односи. Доволно е да имаме само една работа што треба да ја завршиме, и да станеме нејзини затвореници, да не можеме да се оттргнеме од неа.

Тогаш почнавме да бараме начин да бидеме во светот, зафатени со некаква работа (и тоа беше неопходно, колку да преживиме - да јадеме, да се облечеме, да ги нахраниме и облечеме другите), без да ѝ припаѓаме. Откривме дека само преку послушание, и тоа радикално послушание како она на пустинските отци, можеме да се оттргнеме од зависноста од делување, зависноста од нашата работа. Ако нешто работиме поради послушание, тогаш „ни се брои" само послушанието. Самата работа, сама по себе, веќе не важи. Во случај да направиме сè што можеме, тогаш малку е важно дали сме успешни или неуспешни. Ова го научивме под раководството на двајца духовни отци кои нè научија на многу работи.

Ако зборувам за мојот духовен отец, [би рекол дека] тој беше едноставен човек со таква внатрешна слобода, каква што не бев сретнал во ниту еден друг случај. Но, истовремено знаеше и да биде непопустлив. Во времето кога сакав да положам монашки завети, откако веќе десет години се исповедав кај него, го замолив за тоа, и тој ми одговори:

- Да, може да положиш завети оној ден кога ќе дојдеш кај мене и ќе ми речеш „Еве сум", без да прашаш било какво прашање за иднината.

- Така е, оче, но знаеш дека мајка ми е болна, а баба ми е многу стара...

- Сè додека се грижиш за мајка ти и баба ти не ми зборувај за монашки завети. Ниту на Бога Му веруваш, ниту на послушанието...

ГО ПРАШАВ КАКО Е ДА СЕ ЖИВЕЕ ВО ПОСЛУШАНИЕ. МИ ОДГОВОРИ: „МНОГУ Е ПРОСТО. СМЕТАЈ ЈА МАЈКА ТИ ЗА СТАРЕЦ, А СЕКОЈ КОЈ ИМА ПОТРЕБА ОД ТЕБЕ ИЛИ ТЕ ЗАМОЛУВА ЗА НЕШТО КАКО ТВОЈ ПРЕТПОСТАВЕН, И БЕЗУСЛОВНО БИДИ ИМ ПОСЛУШЕН."

Ми беа потребни неколку години да сфатам дека Божјите барања се безусловни. Секој пат кога Бога Го прашував нешто, Тој ми одговараше: „Те повикувам, и на тебе е да ми одговориш, безусловно.“ Конечно, дојдов до точка, откако на многу начини се борев со Божјата волја и недостигот на мое доброволие, кога јасно сфатив дека морам да донесам одлука. Или ќе речев „Да“, или ќе престанев да се сметам за член на Црквата, ќе престанев да одам в црква и да се причестувам, зашто не можеше да се причестам и после да Му речам „Не“ на Бога. Тоа ќе беше бесмислено. Бесмислено е да бидеш член на Телото Христово, а да одбиеш да ја твориш Неговата волја. Оваа борба траеше околу пола година. Еден ден веќе не можев да се борам. Во тоа време предавав во едно училиште, колку да преживеам. Се сеќавам, излегов од дома без да знам што ќе ми донесе денот, и среде едно од моите прадавања наеднаш сфатив дека изборот мора да се донесе дента, тогаш. По последното предавање појдов да го видам мојот духовен отец. Му реков: „Оче, дојдов“.

- Подготвен си целосно да се откажеш од себеси, безусловно?

- Да.

- Добро. Следната недела ќе положиш завети. И потоа започна да ме прашува едноставни, најбанални прашања што може да се замислат:

- Имаш сандали?

- Не.

- Каде да ти најдам сандали? Имаш каиш?

- Не.

- Е, може да замолам некого да ти даде стар каиш.

Сето ова [ми го велеше] на најпрактичен начин, без воопшто да се замара со мојот реален проблем: што ќе се случи со мојот живот после ова?

На крајот од овој разговор, очекував да ми рече: „Ене, онде има место, на подот, таму можеш да спиеш“, зашто едноставно, само тоа можеше да ми го понуди. Одлучив ништо да не го прашам за мајка ми и баба ми, за иднината на мојата работа. Навистина, дојдов до моментот кога можев да речам: „Својот живот го положив во твои раце, ништо друго не постои“. Кога сè заврши, тој ми рече: „Добро, тоа е тоа.“

- Да, хм, но - каде да спијам?

- Дома.

- Хм, а што да правам?

- Продолжи да живееш.

Бев стаписан. Тој ми објасни дека можам да му се вратам на мојот претходен живот затоа што целосно сум се откажал од него; дека во било кој момент сè може да ми биде одземено или вратено.

Го прашав како е да се живее во послушание. Ми одговори: „Многу е просто. Сметај ја мајка ти за старец, а секој кој има потреба од тебе или те замолува за нешто како твој претпоставен, и безусловно биди им послушен.“ Ова можеби ви делува едноставно. Во реалноста, ова е многу понеедноставно. Луѓето бараат сè и сешто. Кога монахот си има старец или исповедник, тој знае дека иако многу од послушанијата се бесмислени, сепак старецот има право да му наложи нешто. Додека, во мојот случај јас бев препуштен целосно во рацете Божји (односно, ако човек вистински верува дека Бог навистина раководи со сè) или нечии други раце - рацете на секој оној кој имаше некакво барање од мене.

Сепак, токму тогаш нештата станаа многу полесни. Една недела подоцна бев мобилизиран во француската армија и таму имав еден сосем прекрасен старешина: мојот десетар. Така започнав да го откривам монашкото послушание онака како што го разбираа пустинските отци: целосно, безусловно послушание кое се граничи со апсурдност, и кое дава едно прекрасно чувство на ослободување што оди со него. Секако, вакво послушание искусив не само со десетарот, туку и со мојот духовник. Тој веруваше, како што и јас верувам, дека послушанието започнува во моментот кога го прифаќаш она што е вон твоето разбирање, вон она што твојата волја е способна слободно да го прифати. Да се покориш пред некого чија намера ја разбираш не е чин на послушание, туку следење на својата волја секогаш кога таа се совпаѓа со нечија туѓа волја. Но, да бидеш послушен кога не ја разбираш ниту причината,



*Монаси. Манастир Голема Лавра, Света Гора.*

ВО МЕНЕ СЕ РОДИ МИСЛА ДЕКА СЕГА, ОТКАКО ГО ДАДОВ ЗАВЕТОТ ЗА НЕСТЕКНУВАЊЕ, НИКОГАШ, ДУРИ ДО ВЕЧНОСТА, НЕМА ДА МОЖАМ ДА РЕЧАМ „ОВА Е МОЕ МОЛИВЧЕ“. И ВЕДНАШ ПАДНАВ ВО ОЧАЈ. ТОА МАЛО МОЛИВЧЕ ЗА МЕНЕ БЕШЕ МНОГУ ПОГОЛЕМО ИСКУШЕНИЕ ОД „СВЕТОТ“.

ниту намерата - да бидеш послушен тогаш кога не си убеден во она што треба да го направиш - е тоа е многу тешко. Но, единствено на тој начин може да се откажеш од себеси, колку што е тоа можно, од својата сопствена волја, и да научиш да ја следиш волјата на другиот. Не само да ги слушаш неговите зборови, туку да ги наслушнуваш, да растеш во послушанието според мерката на својот раст. Да дозволиш да бидеш скршен и обновен според волјата Божја. Сѐ повеќе сум убеден дека не постои друг пат кон послушанието.

Тоа е она што го научивме за послушанието; и навистина, тоа беше големо ослободување за нас. Веќе триесет години цело време добивам некакви послушанија. Првите пет години тоа беше војната, после бев лекар пет години, потоа станав свештеник. Во сиот тој след на односи, секогаш имаше нешто што требаше да се направи. И за време на сите овие години она што од почетокот го научив ме штитеше, ме поучуваше сѐ да правам колку што можам подобро, но истовремено да бидам целосно незаинтересиран за постигнатите резултати. Едноставно, да ја изработам работата, и сѐ останато да Му препуштам на Бога.

Еден друг проблем што изникна, а што воопшто не очекував да се појави, беше проблемот со сиромаштијата [нестекнувањето]. Сиромаштијата мене ми се чинеше како бескрајно лесна, зашто во првите години од имиграцијата ние бевме потполно сиромашни. Ми се чинеше дека да дадам завет за сиромаштија е исто како да велам „се согласувам со она што и онака постои“. Но, открив дека тој завет влијае на еден многу подлабок начин. Не е тешко да се соочиш со сиромаштијата радосно. Не велам дека секогаш е лесно; има моменти кога гладот, студот, немањето покрив над глава паѓаат многу тешко. Но, во одредена мера, човек секогаш може да ги прифати [ваквите состојби].

Проверката на мојот завет за сиромаштија дојде на толку апсурден начин, што навистина ми ја откри мерата на мојот раст во Христа. Беше Божик, 1939 година. Бев во мојата соба, покрај една голема маса и читав. Покрај мене имаше едно мало моливче, изострено од едната, а изгризано од другата страна. Ништо што би ѝ годело на мојата лакомост.

Одеднаш во мене се роди мисла дека сега, откако го дадов заветот за нестекнување, никогаш, дури до вечноста, нема да можам да речам „Ова е мое моливче“. И веднаш паднав во очај. Тоа мало моливче за мене беше многу поголемо искушение од „светот“. Светот од којшто се

откажуваме кога ги даваме монашките завети речиси и да не постоеше за мене. Во сиот мој дотогашен живот во кино бев не повеќе од десетина пати. Бев еднаш на концерт, двапати на театар и можеби трипати на цирус. Тоа беше сумата на сите мои искушенија од светот. Секако, имав други искушенија, на пример со храната, но тие беа многу поедноставни. Што е сирење дознав дури кога влегов во војска; за нас, дома, сирењето беше едноставно многу скапо да го купиме. Во војска открив и многу други добри нешта. Но, сфатив дека можам да живеам и без нив.

Значи светот, светот што нè привлекува и нè заробува, за мене беше лесно да го отфрлам. Но тоа мало моливче! Тоа беше мое, плот од мојата плот, коска од моите коски. Не знам дали ќе ми верувате, но ми беа потребни неколку часа да се одделам од него, да можам да речам „се откажувам од ова моливче, тоа не е мое, и никогаш повеќе нема да го допрам!", да го подарам некому - како подарок кој нема никому да му се допадне, затоа што искрено, човек можеше само да го изгуби, толку мало моливче беше тоа. Но, во тој момент се почувствував слободен.

Исто така открив дека девственоста, целомудрието на кое се заветуваме е внатрешна, а не надворешна состојба. Се работи за цел еден свет од односи кои се многу повеќе од нешто физичко. Тоа е начин на гледање на другите. Гледање на другите независно од себеси, надвор од себеси, како апсолутни, бескрајни вредности, луѓе кои Бог толку многу ги возљубил додека не постоеле, што ги повикал во постоење [ги создал] да бидат покрај Него во вечноста. [Гледање на другиот] како некој кој е толку важен за Бога, што Он станал човек, поживеал и умрел, за токму таа личност, единствена и неповторлива, да може да стекне исполнување. Како некој кого Бог го поставил на мојот пат за да можам да му бидам слуга, и заштитувајќи го на секој можен начин, да можам да му ја дадам можноста да го стекне своето човечко достоинство. Сето ова оди многу подалеку од односот меѓу луѓе од спротивен пол. Тоа е чин на почитување. Пустинските отци велеле дека оној кој го видел својот ближен, Бога Го видел. Таков е ставот што се заснова на девственост, на целомудрие.

За жал, често се случува оној кој е надреден да си направи план, и да се обиде оние што му се подредени да ги вклопи во тој план. Како да постои предодредена идеја што другиот треба да биде. Од една страна, тоа е точно; во секое образование, па и во подвижничкото, човек треба да се одучи



*Монаси. Манастир Голема Лавра, Света Гора.*

од многу нешта, и да научи многу други нешта. Но, тука постои граница. Да се направи програма за еден човек, да се испланира една личност, подразбира дека оној кој планира знае сè за другиот, и дека треба само да го репрограмира другиот. Како другиот да бил „составен“ сосем погрешно. Неговата глава е кренатa во воздухот, а требало да биде навалена. И така, надредениот започнува да го пресоздава, без ни малку да претпостави дека во другиот има многу повеќе одошто овој знае за него.

Се работи за став во кој нема никаква вера во самата личност. [Напротив,] таа треба да биде скршена, преправена, преобликувана; и нема да се дозволи таа личност да стане нешто, зашто [моделарот, обликувачот] „знае“ дека таа никогаш нема да стане она што „треба“ да биде, она што тој сака таа да биде. Човекот ќе стане она што може да биде, можеби и она што Бог сака тој да биде, но не тоа што моделарот сака да биде. Во ваквиот однос нема надеж за човека.

Има еден друг однос кон човекот, содржан во следново: „Многу малку те познавам. Знам дека во тебе има хаос од нешта кои ниту се насочени, ниту се избалансирани, ниту се обликувани; но, верувам во движечките можности на овој хаос, зашто Бог делува меѓу нас.“ Во овој случај, јас те признавам за онаков каков што си. Те прифаќам, не само тако каков што си, туку дополнително и твојот внатрешен хаос. Јас правам дело на вера, и ти помагам да се издигнеш над твојот хаос онаков каков што треба да бидеш, без да знам што е тоа што ќе станеш. Тоа е односот на еден вистински духовен раководител. Тој не се обидува да создава луѓе според својот лик, туку се обидува, речиси како магија, од хаосот да го извлече сето она што е божествено, што е човечко, што е способно да се соедини Царството Божјо. Тоа е начинот на кој [и] Бог се однесува со хаосот. Тој нè создава со цел свет нерешени работи и нè повикува. Ни го покажува човекот во сето негово совршенство, во личноста Христова, или личноста на благословената Дева, и ни го покажува патот преку заповедите што ни ги дал. Тие не се наредби што треба да бидат спроведени, туку мера што треба да биде исполнета. И Тој моќно делува во овој хаос, доколку преку Светите Тајни, тие божествени дела на благодатта, присуството на Светиот Дух и силната Божја Енергија навлезе во нас.

Значи, поставувањето себеси пред Бога, за да можеш, како полжав, да ја носиш непоколебливоста со себе. Послушанието, за кое верувам дека е нужен услов на монашкиот живот. Сиромаштијата и целомудриeто. Сето ова за мене беше совршен благослов цели десет години.

А потоа, ми се роди мисла каква што порано не бев имал, нешто што ме допре до срцето. Имено, јас се откажав од сè, но тоа сè мене никогаш и не ми значело нешто. Како што реков претходно, „светот“ речиси и не постоеше за мене. Единственото нешто од коешто не се откажав беше блискоста со Господа што толку многу ја чував. Дали навистина дадов завет на сиромаштија ако го задржав, и љубоморно го штитев од секого, она што за мене беше најскапоцен бисер? Зар не требаше јас да Му припаѓам на Бога без Он да ми припаѓа мене?



*Јеромонах. Синај.*

Долго време си го поставував ова прашање. И потоа, еден ден, Бог ми одговори. Ја читав книгата на св. пророк Исаија, и во педесет и осмото поглавје го прочитав ова: „Ќе му ја дадеш на гладниот душата своја“. Тоа ме прободе. Одново и одново го читав. Созерцував, и продолжив да работам. Потоа

пак се навратив на стихот. Конечно, сфатив дека тоа е одговорот. Има луѓе што се гладни, гладуваат по Бога. А ти, ти се обидуваш да Го сокриеш, да живееш покрај Него и со Него. Не! Отвори си ја душата, направи пазар од неа. Дозволи секому да дојде и да земе што и да најде таму, и дозволи Му на Бога да те нахрани ако ти треба храна. Веќе нема да имаш право на ништо - ниту на својот живот, ниту на Бога.

Подоцна повторно се вратив на стихот. Открив дека во преводите на јазиците што ги знаев, тој стих не звучи така. Она што пишува е, „ќе ја нахраниш гладната душа“, т.е. ќе му дадеш храна на оној кој е гладен. Но, знаеме дека на многу места во Писмото се вели „очите им беа затворени“, па така и моите беа затворени за она што го пишува, и моето срце се отвори за она што Бог сакаше да го видам.

ДА СЕ ПОКОРИШ ПРЕД НЕКОГО ЧИЈА НАМЕРА ЈА РАЗБИРАШ НЕ Е ЧИН НА ПОСЛУШАНИЕ, ТУКУ СЛЕДЕЊЕ НА СВОЈАТА ВОЛЈА СЕКОГАШ КОГА ТАА СЕ СОВПАЃА СО НЕЧИЈА ТУЃА ВОЛЈА. НО, ДА БИДЕШ ПОСЛУШЕН КОГА НЕ ЈА РАЗБИРАШ НИТУ ПРИЧИНАТА, НИТУ НАМЕРАТА – ДА БИДЕШ ПОСЛУШЕН ТОГАШ КОГА НЕ СИ УБЕДЕН ВО ОНА ШТО ТРЕБА ДА ГО НАПРАВИШ – Е ТОА Е МНОГУ ТЕШКО.

Чекав да се случи нешто конкретно. По игра на случај бев поканет да појдам на една конференција во Англија, и таму сретнав еден стар свештеник кого го запознав уште кога имав седумнаесет години. Тогаш се видовме на неколку часа, и бев вистински воодушевен од Божјиот Дух што живееше во него. А сега, тој ме виде оддалеку, се затрча кон мене и ми рече: „Потребен си ни. Откажи се од медицината и стани свештеник.“

Му реков: „Оче, размисли барем малку, и потоа кажи ми дали си сериозен или се шегуваш. Зашто, ако си сериозен, ќе станам свештеник.“

Ми рече: „Да, сериозен сум.“

Така и бидна. Тоа е целата приказна. Ви реков, најпрво сакав да го сфатите монашкиот повик како Божјо дело од кое не може да се побегне. Потоа, сакав да сфатите дека и покрај чудниот живот што јас и моите пријатели го водевме, по патишта, без монашка заедница и редовни богослужби, сепак за нас беше можно да живееме монашки. Можеби јас не толку, но знам дека тие имаа длабок монашки опит. Знам и еден човек во Русија, еден од најголемите информатичари, кој е прикриен монах, и кој е вистинско откровение за монашкиот живот. Тој работи по цел ден како научник, а ноќе има молитвено правило кое трае околу дванаесет часа. И човекот си живее. А исполнувањето на молитвеното правило при такви околности, очигледно, како и сѐ друго, зависи од послушанието.

Имаше периоди (за време на војната и првите пет години по неа, додека работев), кога моето молитвено правило се движеше од пет до осум часа на ден. Потоа, во еден момент мојот духовник ми забрани да се раководам според било каков стриктно правило, и ми рече: „Сега учи да се молиш постојано. Поддршка нека ти биде литургиската молитва, но немој да зависиш од неа.“ Секако, се јавија и други проблеми, условени од околностите во кои живеев. Но, ако се навратиме на пустинските отци, во четвртиот век, кога сѐ уште го немале литургиското богатство со кое ние располагаме, [ќе видиме дека] целата нивна молитва се состоела во плач, кратки извици, па сепак тие биле целосно вкоренети во Бога. Таквата молитва можеме постојано да му ја принесуваме на Бога, секој час, без оглед на тоа што работиме, без разлика дали умствена или физичка работа.

Тоа е сѐ што можам да ви кажам. Простете што притоа употребив многу зборови.

интервју



# КОГА СТАРЕЦОТ МИ РЕЧЕ ДЕКА ЌЕ БИДАМ МОНАХ, ЈАС СИ РЕКОВ: "КАКОВ КОШМАР!"

Интервју со старец Ефрем Ватопедски

**? Дали пораснавте во побожно семејство? Каква беше вашата прва свесна средба со Бога?**

Потекнувам од селско семејство, од едно сиромашно село. Моите родители беа земјоделци. Татко ми беше голем работник, но не и особено црковен човек. Мајка ми беше божји човек. Моето прво духовно вдахновение дојде преку свештеникот во нашето село. Ме привлекуваше црковниот живот: ставав крпа околу вратот и „служев литургија“ како дете. Сè разбирав и впивав, и потоа го повторував.

**? Што влијаеше на вашата одлука да се замонашите? Кој ви беше духовник?**

Мој духовен отец беше старец Јосиф Ватопедски. А монах станав затоа што благодатта ме привлече. Видете, јас не можев ни да си замислам да живеам вака: кога прв пат дојдов на Света Гора имав осумнаесет години. Учев во богословија, и еден мој школски другар, кој тогаш сакаше да биде

монах, а кој се ожени и сега е свештеник, ми кажа дека во некој весник прочитал многу работи за Света Гора. И јас ги прочитав тие статии и посакав да дојдам на Света Гора. Потоа, една година подоцна дојдовме на Богословскиот факултет во Атина, поради студии, и во 1975 г. дојдов на Света Гора за прв пат.

Имавме испланирано да се сретнеме со старец Ефрем Катунакиски, кој се упокои во 1998г. Тој беше навистина Божји човек, со голема харизма. Ние бевме петмина студенти. Тој погледна во мене и рече: „Ти ќе станеш монах“. Јас многу се натажив! „Ќе носиш и епитрахил“, рече, „и ќе бидеш свештеник.“ Уште и додаде: „Ќе бидеш и од нашиот духовен ков: ученик на Јосиф Исихаст“.

Не можев да заспијам потоа! Каков кошмар: како да станам монах?! Појдов во манастирот Григоријат и замолив да се сретнам со старецот, отец Георгиј. Му реков дека сум многу тажен: „Бев во Катунакија, и старец Ефрем ми даде ваков одговор“. Старец Георгиј ми одговори: „Старец Ефрем ти рекол така? Тогаш е средено, секако. Тој никогаш не промашува.“ Мене ми се слоши, и уште повеќе се растажив. Уште еден старец ги потврди зборовите на старец Ефрем!

Потоа појдов во Буразери, една голема келија во која живееше духовниот брат на старец Ефрем, старец Харалампиј, кој исто така го имаше дарот на исусовата молитва. Со кого и да се сретнев од духовниците, му ја кажував мојата болка: имав поинакви замисли и планови за животот. Колку бев смотан! Кога го читав св. Јован Кронштатски, бев целосно под негово влијание, и сакав да живеам во „бел“ брак како него (тој живеел со жена му како со сестра).

Му реков на старец Харалампиј, вака и вака, ова е мојот проблем. И тој ме праша: „Старец Ефрем ти го рече ова?“ „Да.“ „Тогаш, нема што да се рече.“ И оттогаш ме нарекуваа искушеник. Сите се шегуваа со мене: „Ти си искушеник, искушеник си“. А јас сакав да умрам од тага. Пет години подоцна станав монах, односно, пророштвото се исполни.

Потоа го запознав старец Јосиф Ватопедски кој, како и старец Ефрем Катунакиски, беше ученик на старец Јосиф Исихаст. Сите тие во голема мера придонесоа за преродбата на исихазмот на Света Гора.

**? Во Русија [а и во светот, воопшто] постои посебна почит кон Света Гора. На Атос се гледа како на место кое е најблиску до монашкиот идеал. Секој руски монах и искушеник се надева дека ќе помине дел од својата борба на Атос; дури и верниците сонуваат да поминат макар еден ден таму. Зошто Света Гора толку многу ги привлекува луѓето?**

Света Гора Атонска е единствената монашка држава на светот, во која се чува полнотата на православното предание. Што е монаштвото? Монаштвото е пазење на евангелските заповеди, на Евангелието до најситниот детаљ. Ова значи дека кога монаштвото станува опит, тогаш и православието се доживува искуствено.

Кога зборуваме за предание, ние не мислиме на фолклор или некакви народни обичаи. Преку предание ние ја разбираме уметноста и вештината на светоста, што се пренесува опитно од една на друга личност. Света Гора е насочена кон достигнувањето на оваа цел. Нашите руски браќа трагаат и го наоѓаат овој автентичен, реален православен свет, и оттука е и нивната љубов кон Света Гора. И ние ги љубиме нив, па многу од нив престојуваат кај нас, а ние се молиме за нив.

**? Монашкото предание на Света Гора постои повеќе од илјада години, и во секој манастир е обоено во посебни обележја. Кои се обележјата на манастирот Ватопед што вам ви се особено драги?**

Секој манастир има свој обид за исполнување на Типикот, но православното предание е единствено. Луѓето разликуваат руско, грчко, или романско предание, но при тоа нагласуваат дека таа поделба не се однесува на духовноста. Во духовниот живот има само едно предание, и тоа е православното. Сè друго се однесува на, на пример, црковното пеење или некои секундарни

богослужбени прашања – и тука може да има разлики.

Нашето богословие е исто, и сите ние го исповедаме тоа, за сите да можеме да земеме удел во него; тоа е богословието што ни било предадено преку Воплотеното Слово Божјо. На Света Гора, мене ми се особено драги сеноќните бденија и торжествените Литургии. Тоа не значи дека другите богослужби низ светот – во нашата, но и во другите земји – се со второстепено значење. Пред малку прашав еден ваш колега дали оди в црква. Ми одговори дека не оди: „Одам в црква само на Света Гора, затоа што само тука има добра Литургија“. Му укажав дека греши, дека „добри богослужби“ немаме само овде.

Догматските и духовни аспекти на Литургијата претставуваат една целина; она што е различно на Света Гора е духовната атмосфера. Тивката, исихастичка атонска атмосфера го помага восприемањето на богослуженијата, зашто Света Гора е особено благодатно место. Во секој манастир почиваат молитвите на претходно упокоените отци, молитвите на живите отци. Секој светогорец учи како постојано да се моли, непрестајно.

Исто така, на Света Гора постојат мноштво чудотворни икони на Мајката Божја, како и многубројни мошти. Сето тоа духовно го збогатува местото. А тоа, пак, делува врз срцата на монасите и поклониците, и тие ги впиваат богослуженијата. Еве, четврти ден сум надвор од Света Гора, а веќе ми се чини како да поминала година: до тој степен ме привлекува атмосферата, духовниот квалитет што пребива таму, а и од самото место.

**? Во 2016-та ќе се одбележи илјадолетието од присуството на руското монаштво на Света Гора. Има руски монаси и искушеници речиси во секој светогорски манастир. Како изгледа светогорското монаштво денес? Како може да се стане светогорски монах?**

Прославата на илјадолетието на руското монаштво на Света Гора е навистина оправдана. Мноштво руски монаси Му угодувале на Бога за време на овие илјада години. Рускиот манастир на св. Пантелејмон издаде книга која би можело да се нарече современ светогорски старечник. Во моментов ја читам и се восхитувам на начинот на кој руските подвижници ја надминувале својата човечка природа за да ги исполнат нивните монашки послушанија и завети.

Круната на руското светогорско монаштво е светиот Силуан Атонски. Тој е навистина еден од најголемите светители кој постигнал врвно духовно ниво. Се сеќавам, пред неговата канонизација, нашиот духовен отец, старецот Јосиф, ја читаше книгата на старец Софрониј, основачот



*Беседа. Старец Ефрем Ватопедски.*



*Старец Јосиф Ватопедски и старец Ефрем Ватопедски.*

на манастирот на св. Јован Крстител во Есекс, кој бил ученик на старец Силуан и негов биограф. Старец Јосиф честопати ни говореше за вдахновението што го добил од книгата Старец Силуан, и колкава благодат му се открила преку неа. Го цитираше старец Силуан како пример, зашто благодарение на оваа книга (во која не се важни единствено зборовите на св. Силуан, туку и оние на старец Софрониј, кој правилно и богословски ги изложил, а кој според мене е исто така светител) е изложена величината на православната догма и возвишената вредност на православниот живот.

Од личен опит знам дека многу луѓе станале православни преку оваа книга, а многу млади луѓе се замонашиле читајќи ја и проучувајќи ја.

**? За современиот човек е тешко да се замисли живот во кој секој ден, секој момент е исполнет со Бога. Дали е ова полесно на Атос?**

На Света Гора е многу поедноставно. Вчера вечер овде, во мојата соба, читав нешто од ученикот на старец Софрониј, отец Захариј, кој го пренесува учењето од неговиот старец на неговите ученици. И тој напиша нешто многу интересно, нешто што и претходно го имам размислувано, но не се осудував да го кажам јавно.

Старец Софониј велел, [парафразирам]: постојат многу светители во светот, кои изобилно ја примиле благодатта, затоа што низ животот минувале преку најразлични потешкотии и искушенија, а сепак имале смирение согласно евангелските заповеди. Но, вели старец Софрониј, без оглед на сè, само монасите можат да стекнат чиста молитва, и тоа преку послушанието кон нивните духовни наставници. Ова послушание им дарува една многу длабока слобода од секаква грижа и неспокојство. А, кога еден монах нема грижи, тогаш тој е слободен да се моли.

Би сакал да кажам дека во денешниот свет, присуството на монаштво на места како Света Гора е особено значајно, зашто тие имаат голем духовен ефект.

**? Монах е човек кој живее во заедница со Бога. Но, што е со љубовта кон Бога?**

Монахот е жеден за Бога, тој копнее по Бога. Се работи за еден вид Тајна, еден вид чудо: не само монахот, туку секој христијанин кој се труди да Го љуби Бога, за возврат во срцето ги добива несоздадените божествени енергии. И колку повеќе ги добива, толку повеќе Го љуби Бога. Ние, православните христијани, придодаваме огромна важност на најважните заповеди: да се љуби Бог со сето свое срце, со сета своја сила, со сиот свој ум и сето свое разбирање.

Многу е важно човек да Го љуби Бога. Нема крај на ваквата љубов. Во книгата Мудрост Сирахова стои запишано: „Оние што ме јадат – погладни ќе бидат, а оние што ме пијат – пожедни за мене ќе бидат“ (Сирах. 24,23).

ШТО Е МОНАШТВОТО? МОНАШТВОТО Е ПАЗЕЊЕ НА ЕВАНГЕЛСКИТЕ ЗАПОВЕДИ, НА ЕВАНГЕЛИЕТО ДО НАЈСИТНИОТ ДЕТАЉ.

интервју



# БОЖИКЕН ПОСТ: ДА ГИ ВРАТИМЕ НАШИТЕ СТРЕМЕЖИ КОН БОГА

Интервју со Митрополит сартовски и вољски г. Лонгин

На 28 ноември започнува Божикниот пост. Иако многу се пишува за смислата на постот, сепак многу верници и понатаму имаат прашања. Некои, затоа што за прв пат постат, а други пак, откако стекнале опит во постот, сакаат да разјаснат некои детали.

**? Владико, дали Божикниот пост е по нешто посебен?**

Божикниот пост е долг, но е помалку строг од Велигденскиот: има денови кога во Божикниот пост е благословено да се јаде риба. Инаку, во сѐ друго тој е ист како



*Рождество Христово, минијатура од 985 г.*

и другите повеќедневни постови. Преку него луѓето се подготвуваат за големиот празник на Христовото Раѓање. А во што би можела да со состои оваа подготовка? Во тоа што човекот ќе се потруди да ја исчисти својата совест, да го поправи својот живот, внатрешно и надворешно да се „собере“.

Целта на Божикниот пост, како и на другите пости, е човекот да подзастане во секојдневната трка во животот и да размисли за Бога. Оти, како живееме? Дури и да сме верници, христијани, и да одиме в црква, сепак по малку застрануваме од нашиот пат поради, навидум, оправдани изговори. Црквата знае за тоа и оттука востановила пероди на пост кои му помагаат на човекот да се врати и да тргне по правилниот пат.

Постот е време кога, благодарејќи на воздржанието од определен вид храна, од разонода, од прекумерна врева и лоши дела, се обидуваме во нашата душа да го вратиме правилниот поредок – односно, да ја устремиме кон Бога. Ако сме свесни за оваа цел, и ако неа ја поставиме пред себе, нашиот пост ќе биде корисен. Во тој случај нема да биде толку важно колку строго сме постеле, иако – се разбира, треба да се почитува телесниот пост. И тоа треба да се прави во склад со своето здравје. Како што е речено во древниот Патерник, ние не сме убијци на телото, туку на страстите. Со постот не го убиваме телото, туку страстите. Мислам дека е општо познато дека човекот кој пости, кој внимава врз себе, полесно излегува на крај со своите недостатоци. Затоа велиме дека постот не е само воздржување од храна. Црквата постојано го кажува тоа, но луѓето не секогаш ја слушаат. Вообичаено, луѓето одново и повторно прашуваат за најситните деталчиња од „гастрономскиот“ пост. А, суштината е во тоа дека дури и ништо да не јадеме, ако притоа сме расеани, тој пост нема да има смисла.

**? Но, времето на Божикниот пост – новогодишно – се чини дека, како никое друго време, влијае на оваа рассеаност. Кај возрасните, таа се пројавува преку заедничките новогодишни забави, одење по гости, а кај децата – утринската забава, елките, новогодишниот распуст... Сето ова остава белег во постот.**

Знаете, ова го слушам откако сум во Црквата. И еве што секогаш ме зачудува: кога навидум сосем нормални, воспитани луѓе, ми говорат за предновогодишното време, добивам впечаток дека се подразбира некаква

АКО ЧОВЕК СЕ ОДНЕСУВА КОН ПОСТОТ КАКО КОН НЕКАКВА НЕПРИЈАТНА ОБВРСКА, КАКО КОН ТОВАР ШТО БИ БИЛО ДОБРО НЕКАКО ДА СЕ ОДБЕГНЕ, ТОГАШ НАЈДОБРО БИ БИЛО ВООПШТО И ДА НЕ РАЗМИСЛУВА ДА ПОСТИ. ПОСТОТ Е ДОБРОВОЛНА ЖРТВА ШТО ЧОВЕК ЈА ПРИНЕСУВА ПРЕД БОГА .

луда распојасаност и бахоналии. И секогаш сакам да прашам: „Добро, а како вие ја поминувате Новата година? Зарем навистина одите до ‘губење на свеста’, или пак сте помирни?“ Нема воопшто ништо лошо во тоа да се појде кај некого на гости, да се украси елка за децата. Нема ништо лошо во пристојно поминување на овој празник кој кај нас е веќе традиционален.

Да, ние како христијани сфаќаме дека Новата година е замена, еден вид близнак на празникот на Рождеството, сторен во свеста на советскиот [и македонскиот] човек. Но, празникот е веќе обичај, и не гледам ништо лошо ако луѓето го прославуваат нормално, човечки. Дури и да сте на гости кај вашите роднини, зарем на празничната трпеза не можете да најдете нешто што е благословено за јадење во посно време? Секако дека можете: и салата, и зеленчук, и риба, и морски плодови. Можете да се напиете и чаша вино, шампањ. Ништо лошо нема во сето тоа, ако човек притоа има на ум дека е пост, ако знае зошто пости и што бара од себе.

ПОСТОТ Е ВРЕМЕ КОГА, БЛАГОДАРЕЈЌИ НА ВОЗДРЖАНИЕТО ОД ОПРЕДЕЛЕН ВИД ХРАНА, ОД РАЗОНОДА, ОД ПРЕКУМЕРНА ВРЕВА И ЛОШИ ДЕЛА, СЕ ОБИДУВАМЕ ВО НАШАТА ДУША ДА ГО ВРАТИМЕ ПРАВИЛНИОТ ПОРЕДОК – ОДНОСНО, ДА ЈА УСТРЕМИМЕ КОН БОГА.

И не само тоа, туку мислам дека зимското време за одмор кое денес го имаме е големо богатство за верниот народ. Последната недела од Божикниот пост, од 2 јануари, е прилично строга. Неработните денови всушност им овозможуваат на луѓето да одат в црква, да учествуваат на богослужбите, да постат во вистинска смисла на овој збор, а преку тоа и нормално, да се подготват за Божик. Затоа, за ништо не би ја менувал оваа недела пред Божик што разликата во календарите ни помага да ја минеме христијански.

**? Чесно може да се чуе следново: руската зима за повеќето луѓе ионака е многу тешка – ладна, мрачна... Треба да се штедат сили за на работа, за домашни работи. А треба и да се пости, почесто да се оди в црква...**

Ако човек се однесува кон постот како кон некаква непријатна обврска, како кон товар што би било добро некако да се одбегне, тогаш најдобро би било воопшто и да не размислува да пости. Постот е доброволна жртва што човек ја принесува пред Бога поради промените во својата душа. Ако човек не си постави ваква цел, не треба да пости.

Сè зависи од внатрешната положба на човекот. Мојот прв вистински пост беше во војска, за време на последната година од воениот рок. Купував конзервирани бугарски пастрмки во големи пакувања и за време на



*Деца стојат покрај Божикен вертеп во еден од московските храмови.*

целиот Велигденски пост јадев само тоа. Планирав по демобилизацијата да поднесам документи за запишување во семинарија. Многу сакав да постам – и најдов можност тоа да го сторам дури и во војска; ништо не ми сметаше да постам.

**? Владико, до нас стигнаа неколку прашања за Божикниот пост. Еве едно од нив: „Ако моето семејство не пости, а јас многу сакам да постам, како да постапам? Ирина.“**

За вашето семејство треба да готвите јадења што тие ги јадат, а за себе нешто посно. Мојата баба секогаш така правеше. Никој од нејзините ближни не постеше, а таа секогаш. Правеше по нешто за себе додека го приготвуваше ручекот – каша, посна чорбичка. Постеше, а никој за тоа не знаеше. Таа воопшто пред никого не го истакнуваше овој проблем: приготвуваше цели ручеци со месо, доручеци и вечери за своите ближни, а самата си постеше целиот живот. А знам дека и порано имало многу вакви луѓе, кои ова го правеле не сметајќи го за некаков голем подвиг, ниту пак се секирале поради тоа: никого никогаш не прекорувале, а самите си постеле. И тоа било вистински пример, многу поделотворен одошто да се обидувале да „натераат“ некого да пости.

**? Следното прашање: „Во Црквата сум десет години. За ова време научив да изнаоѓам некакви компромиси, да спремам вкусно посно јадење, дури и во празнична варијанта. Сепак, постот е самоограничување. Дали грешам со тоа што се трудам да приготвам вкусна посна храна за себе и другите?**

Подобро е да се одречеме од одредени видови храна кои се формално посни, а кон кои чувствуваме пристрасност. Зашто, постот навистина и е самоограничување.

**? „Некаде прочитав дека подобро е недоволно да се пости, отколку да се пости премногу. Како да го разберам ова?“**

Тука се има предвид дека не треба врз себе, од самиот почеток, да се преземаат многу високи подвизи. Да речеме, ако човек го прочита Патерникот или некои други монашки книги, и започне да го почитува оној устав за постот што понекогаш се печати во нашите календари, а кој потекнува токму од овие древни монашки обители, тој започнува да се себеограничува без расудување. Меѓутоа, не смее да се заборави фактот дека денес, во нашиот секојдневен живот, ни оддалеку не се храниме како христијаните од IV-V век, кои живееле во египетската пустина. За нив, постот што го држеле, не се разликувал премногу од нивната обична храна. А ако денешниот човек, од нашата „обична“ разнообразна храна нагло прејде на леб и вода – сешто може да му се случи. Токму во оваа смисла мислам дека изразот ви е правилен



*Божикно дрво во еден од московските храмови.*

Подобро е да се пости недоволно строго, отколку човек, без да расудува, да се обиде веднаш да скокне до височините што денес ни се помалку достапни.

**? Следното прашање имав можност да го слушнам многупати: „Немам волева сила да ги држам долгите постови. Штом не јадам месо, станувам злобна и груба. Ниту правило можам да прочитам, ниту пак нешто друго можам да правам како што треба. Што да правам?“**

Мислам дека во постот треба да се навлегува постепено. Човек треба да почне да пости во среда и петок, и така да поживее барем една година. Потоа ќе му биде полесно. Потребна е уште и правилна мотивација, говоревме за тоа на самиот почеток. Времето на пост не смее да се гледа како некакво самоизмачување, време кога поради непознати причини човек треба да се лиши од многу убави и потребни ствари.

Постот е самоограничување заради Бога. Меѓутоа, денешниот човек во принцип ја нема таа навика да се ограничува, и тоа е заедничко обележје на сите. Сè помалку луѓе се подготвени да се ограничат во нешто, зашто на сите насм, од раното детство па сè до староста ни се вели дека нашата задача е да приграбиме што е можно повеќе – од животот, од луѓето, од светот што нè окружува, и во ниеден случај да не се ограничуваме ниту себеси, ниту драгите и сакани луѓе. Тоа е погубна идеологија која може да го уништи човештвото: може да се претвориме во група од индивидуи кои само ќе бараат нешто, и не добивајќи го, меѓусебно ќе се уништат. Тоа е страшна особина, и против неа треба да се бориме, треба да ѝ се спротивставиме. Впрочем, постот е многу добро средство за почеток на борбата против оваа појава која денес владее со светот.

На авторот на ова прашање би му советувал да се потруди да се провери на некој начин: „Што можам да сторам? Од што можам да се одречам?“ Ако не заради Бога, ако тоа во моментов е тешко и сложено, тогаш заради другите. И малку по малку да почне да се навикнува на тоа.



*Божикен вертеп во еден од московските храмови.*

ДЕТСКА ПРИКАЗНА



# Божикна приказна од еден уралски манастир

Олга Рожњева

Минатата есен, кога пожолтеното лисје ја засипа нашата обител, во манастирот на гости ни дојдоа едни родители заедно со нивниот четиринаесет годишен син. Родителите се подготвуваа да појдат на службено патување, и не сакаа да го остават синот со баба му. Имено, ни раскажаа дека детето целото свое време го поминувало пред компјутер, без да јаде, без да спие. Родителите мака мачеле дури и да го испратат на училиште. И оттаму детето се снаоѓало да побегне од часовите за да ѝ се врати на својата единствена радост – компјутерските игри. Да остане кај баба му не било опција, така ни рекоа: и таа по цел ден гледала тв-серии, живеејќи во авантурите на нивните јунаци.

Ете, така беше одлучено во нашиот манастир до Божик кај нас да остане Михаил, кого сите го викаа Миша – слабичко и високо момче, со тап поглед и болежникаво бледило на лицето. Во манастирот тој дојде со не мал ужас во неговите очи, но и детска грижа: покрај тоа што сѐ му беше чудно, во манастирот го немаше неговиот компјутер.

Игуменот, отец Саватиј, внимателно ги ислуша родителите, погледна на тажниот Миша и благослови детето да остане во манастирот за време на нивното патување. До нашиот манастир има и училиште, на десет километри од нас, а секој ден дотаму одеа уште две други деца – деца на свештеникот што живееше крај манастирот.

Првите два дена Миша беше во шок. На нашите прашања тој одговараше кратко, мрзоволно, и беше очигледно дека планира да побегне. Но, малку по малку започна да живнува. Потоа се спријатели и со еден млад послушник, Петар. Петар беше најмладиот член на манастирот, кој само пред неколку години заврши средно училиште. Улогата на ментор многу го израдува, така што великодушно се внесе во неа, иако понекогаш и тој се забавуваше и се спушташе на ниво на штитеник, исто како и Миша. Еден монах, пак, отец Валеријан, имаше послушание да ги надгледува и двајцата.

По завршената настава во селското училиште, Миша имаше послушание во коњушницата и многу го засака манастирското коњче по име Јаготка. Впрочем, Јаготка беше првото домашно животно што Миша го имал крај себе. На изненадување на целото братство, тој многу внимателно се грижеше за коњите. И така, за само неколку недели Миша и Петар се шетаа низ манастирскиот имот јавајќи на коњи, под будното око на отец Валеријан.

Одеднаш, незабележливо ни дојде зимата. Кај нас зимата е вистинска, а не онаква каква што е во градот. Во дивината, на нашата планина немаше неонски реклами и излози што блескаат, ниту пак градска врева и нечист, полуистопен снег да крцка под нозете. Можеби затоа и ѕвездите на синото зимско зајдисонце сјаеја необично силно, белите снежни стази магепсуваа со нивната чистота, а темната зора се осветлуваше само од светлината по прозорците на монашките келии. Мразот и ветрот, снегот и бурите удираа во монашките врати, додека огнот во печките спокојно си пукаше, натпреварувајќи се со невремето.

По завршувањето на послушанијата, Миша и Петар имаа обичај да се санкаат на височинката. Навистина, Петар на почетокот се срамеше: голем е за да се санка... Ако го види некој од браќата, кој ќе ги трпи нивните шеги! Но, никој од браќата не ни помисле да му се смее, и малку по малку Петар започна да се санка. Потоа, повикани од звукот на камбаните, сосе санки влегуваа во манастирската трпезарија, зарумени, весели и мошне гладни. А таму – иако е Божиќен пост, сè е вкусно. Манастирската храна е секогаш таква, дури и да има само посна чорба или сува пита. Браќата готвеа постојано молејќи се, затоа храната беше вкусна. Зарумент печен компир, или пита со зелка, манастирска супа и печена риба во неделите – колку убаво мирисаше! А потоа, пудинг од рибизли или брусница, или чај од ароматични билки, па по некој крекер со суво грозје...

Постарите монаси јадеа многу помалку; схиархимандритот Захариј земаше по неколку лажици супа и парченце пита. Дури и отец Валеријан, иако беше висок и широк, јадеше малку. Но, тие се одамна во манастир... А на Петар и Миша духовникот им благослови да јадат до наситување, и тие беа послушни.

За Божиќ, според обичајот, браќата направија вертеп (пештера). Пред црквата, среде снегот – пештера од мраз, осветлена со фенери, а во неа – дрвени јасли, и во нив сено, коњче и магаре, и најважно – Пресвета Богородица со Младенецот Христос во повој.

Особено пријатно беше да се гледа пештерата навечер, кога сè околу беше темно, а огромните ѕвезди жарко светкаа на небото. Тогаш светлината во вертепот сјаеше нежно, фенерите го привлекуваа погледот, падејќи ја околната темнина.



*Вертепот од мраз.*

Освен тоа, отец Валеријан донесе и елка од блисата шума – беше толку мека. Миша, заедно со Петар, донесе украсни кугли и други украси од еден плакар. Куглите беа во светли тонови, проѕирни како кристали. Никогаш претходно тој не замислуваше дека со радост ќе украсува божина елка, не, тој беше преголем за тоа... А сега ја украсуваше, и се радуваше. Од кујната доаѓаа чудесни и вкусни мириси...

Навечер, отец Саватиј ги викаше Миша и Петар во неговата келија, во која сѐ мирисаше на светогорски темјан. Насекаде во келијата – икони и книги. Отецот започнуваше да раскажува за Света Гора, за планинските стази, за манастирите и подвижниците, и чудата што се случуваа таму...

Штом ќе излезеа од келијата на игуменот, забележуваа дека се спуштила ноќ, на небото блескаа огромните ѕвезди. Во божикната пештера гореше пастирсиот оган, и нејзината светлина им го осветлуваше патчето кон нивните келии. На момент застанаа во снежната пештера. Стоеја тивко, и Миша одеднаш ја почувствува необичната полнота на живот, таква, што му беше тешко да ја изрази со зборови. Не можеше. Кога Петар го запраша зошто замолче, тој само тивко му одговори: „Знаеш, Петре... Сепак е добро да се живее на овој свет!“ Боејќи се дека нема да го разбере, одеднаш се насмевна. Но, Петар го сфати и со сериозен тон му одговори: „Да, брату, добро е... ‘Гледам, слушам, среќен сум – сѐ е во мене...’ – ова е Буњин, брату“.

Наближи Божик. Очекувајќи голомразица, по трпезата сите млади браќа ги пренесуваа дрвата за огрев по келиите и во трпезаријата, за Божик да го дочекаат мирно и одморно, не грижејќи се за други нешта. Обелечени во топли алишта, со тапацирани штитници за уши, работеа без

да брзаат. Влечејќи една санка натоварена со дрва, Петар и Миша, веќе замрзнати од работа, се враќаа кон келиите. Во пресрет ги забележаа родителите на Миша, кои изгледаа загрижени. Меѓутоа, тие само поминаа покрај децата, поздравувајќи ги.

Миша се зачуди: родителите не му обратија никакво внимание. Гледаше како стигнаа до колибата со дрва, одат од монах до монах, и се враќаат накај нив. Штом дојдоа до нив, мајка му им нажалено им се обрати: „Отци монаси, да не сте го виделе нашиот Мишењка? Мишењка, нашиот син?“ А татко му уште и потврдно климна со главата. Миша и Петар чудно се погледнаа. Мајка му, уште потажна, почна да се жали: „Но, што се случува, драги отци? Зарем не сте го виделе нашиот син, Миша?“

И тогаш конечно Миша прозборе: „Но, мамо, што ти е? Па јас сум тоа... Миша.“

Петар внимателно го погледна својот пријател: облечен во дукс, со шал и капа спуштена до веѓите. Но, не беше облеката таа што направи да не го препознаат. Наместо бледо момче со тап поглед, каков што пред неколку месеци дојде в манастир, покрај него сега стоеше буцкастиот Миша со зарумenети образи, со жив и радосен изглед.

Ете, ова е мојата божикна приказна.



*Манастирската црква.*

Пријдете да ја воспееме Мајката на Спасителот,
која и по Рождеството се покажа Дева;
радувај се одушевлен граду на Царот и Бог,
во него Христос поживеа и спасението го изврши.
Со Гавриил да воспееме;
со пастирите да прославиме извикувајќи:
Богородице моли Го од Тебе Воплотениот да нè спаси.

*стихира од утрената богослужба на Рождеството Христово*

www.koe.mk